- учество во изработка, реализација, следење и ревидирање на Индивидуални образовни планови (ИОП), Модифицирани програми (МП) и Планови за поддршка;
- следење и евалуација на ефектите од обезбедената поддршка и на напредокот на учениците;
- обезбедување стручна и советодавна поддршка на наставниците, образовните асистенти и другите учесници во воспитно-образовниот процес;
- советодавна работа со учениците и нивните родители/старатели;
- активно учество во работата на Инклузивните тимови за ученик;
- соработка со ресурсен центар и другите надлежни институции;
- предлагање мерки за унапредување на инклузивната практика;
- планирање и реализација на активности за развој на инклузивна училишна клима, промоција на еднаквоста, превенција на дискриминација, стигматизација и врсничко насилство.

Училишниот инклузивен тим одржува редовни состаноци во текот на учебната година, на кои ја следи реализацијата на планираните мерки за поддршка, ги разгледува потребите од дополнителни интервенции, го анализира напредокот на учениците и предлага мерки за понатамошно унапредување на инклузивната практика.

Конкретните активности, рокови, носители и начинот на следење на реализацијата се разработени во Програмата за работа на Училишниот инклузивен тим за учебната 2026/2027 година, која претставува составен прилог на Годишната програма за работа на училиштето. За нејзината реализација се одговорни членовите на Училишниот инклузивен тим, во соработка со Инклузивните тимови за ученик, наставниците, образовните асистенти, родителите/старателите и другите релевантни институции.

За секој ученик со посебни образовни потреби кој поседува наод и мислење од извршена функционална проценка од системот за проценка на лица со попреченост, директорот, по предлог на Наставничкиот совет, формира Инклузивен тим за ученик (ИТУ). Тимот го сочинуваат дефектолог, психолог, педагог, раководителот на паралелката, сите предметни наставници, родителот/старателот и образовниот асистент (доколку е обезбеден).

Во учебната 2026/2027 година, во училиштето се формирани Инклузивни тимови за пет ученици со посебни образовни потреби. Овие ученици ја следат наставата според Индивидуален образовен план (ИОП) или Модифицирана програма, во зависност од препораките содржани во мислењата од функционалната проценка. Инклузивниот тим на ученик е одговорен за изработка, реализација и следење и редивирање на овие програми.

Индивидуалните образовни планови, Модифицираните програми и останатата документација што ја изработува Инклузивниот тим за ученик претставуваат составен дел од досието на ученикот и се чуваат во согласност со важечките прописи.

Покрај поддршката што се обезбедува во рамките на редовната настава, на учениците, согласно нивните потреби и препораките од стручните тела, им се обезбедува и индивидуална работа од страна на дефектологот. Начинот, содржината и динамиката на оваа стручна поддршка се разработени во **Годишната програма за работа на стручниот соработник – дефектолог** и во **индивидуалните програми за работа со учениците**.

За учениците со потешкотии во учењето кои немаат мислење од системот за функционална проценка на лицата со попреченост, се обезбедува соодветна образовна поддршка согласно нивните индивидуални потреби преку изработка на План за поддршка од страна на Училишниот инклузивен тим. Активностите предвидени во Планот за поддршка ги реализираат предметните наставници и стручните соработници. Поддршката се реализира и согласно Програмата за работа со ученици со потешкотии во учењето и годишните програми за работа на стручните соработници, кои се составен дел од Годишната програма за работа на училиштето.

8.14. План на образовен медијатор

Ред. бр.	**Активност**	**Време на реализација**	**Очекуван резултат**	**Одговорни лица за следење**
1.	Следење на редовноста на учениците и соработка со родителите на учениците , училишните стручни служби, директорите и наставниците, како и со надлежните институции	Во текот на целиот работен ангажман потпишан согласно договорот од Министерство за образование и наука	- Намален број на неоправдани изостаноци и подобрена редовност на учениците. - Зајакната соработка помеѓу семејствата, училиштата и надлежните институции. - Навремено идентификување и решавање на причините за нередовност и ризик од напуштање на образованието. - Зголемена вклученост на учениците во наставниот процес.	Директор, педагог

2	Упис на средношколци во дадените уписни рокови и обезбедување поддршка при процесот на аплицирање.“	Во месеците Јуни и Август	- Зголемен број на запишани ученици во средно образование. - Навремено реализиран упис во предвидените рокови. - Намален ризик од осипување по завршување на основното образование. - Подобрена информираност и поддршка на учениците и родителите за процесот на упис.	Директор, педагог
3	**1. Идентификација и враќање на ученици во образовниот процес**	Во текот на целиот работен ангажман потпишан согласно договорот од Министерство за образование и наука	Намален број на ученици кои се надвор од образовниот систем и повторно вклучување во образованието.	Директор, педагог
4	Теренски посети на семејства	Во текот на целиот работен ангажман потпишан согласно договорот од Министерство за образование и наука	Подобрена комуникација со родителите и навремено решавање на причините за нередовност и осипување.	Директор, педагог
5	Следење на ученици со ризик од осипување	Во текот на целиот работен ангажман потпишан согласно договорот од Министерство за образование и	Навремено идентификувани ризици и намалено напуштање на образованието	Директор, педагог

		наука		
6	8. Активности за подигање на свеста за важноста на образованието	Во текот на целиот работен ангажман потпишан согласно договорот од Министерство за образование и наука	Подобрена информираност на ромската заедница за значењето на образованието.	Директор, педагог
7	Поддршка за користење на образовни мерки и стипендии	(согласно роковите утврдени во конкурсите за стипендии).	Зголемен број на ученици кои успешно аплицирале и добиле образовна поддршка.	Директор, педагог
8	Водење евиденција и подготовка на извештаи	Во текот на целиот работен ангажман потпишан согласно договорот од Министерство за образование и наука	Редовно ажурирани податоци за состојбата на учениците и навремено доставени извештаи.	Директор, педагог

8.15. План на координаторот за практично образование

Во СОЗШУ „ Ѓорче Петров" – Кавадарции во учебната 2026 -2027 година кординатори на практично образование се наставниците Ефремчо Николов и Горан Зимоски. Во продолжении на оваа годишна програма се приложени нивните Планови за работа.

ГОДИШНО ПЛАНИРАЊЕ НА КООРДИНАТОРИ ЗА ПРАКТИЧНА ОБУКА / УЧЕЊЕ ПРЕКУ РАБОТА

Назив на училиштето - место	СОЗШУ „Ѓорче Петров " Кавадарци
Наставник - координатор за УПР	Ефремчо Николов Горан Зимоски

СОЗШУ "ЃОРЧЕ ПЕТРОВ" – КАВАДАРЦИ

Ул.ШИШКА 23 1430 КАВАДАРЦИ ТЕЛ:043/ 412-180 ; ФАК:043/412-910
e-mail: zsuckavadarci@t.mk

Сектори во училиштето	Шумарство и обработка на дрво; Земјоделство, рибарство и ветеринарство; Здравство и социјална заштита
Квалификации во училиштето	- Шумарски техничар / техничар за пејзажен дизајн; -Техничар за мебел и ентериер / техничар за обработка на дрво; - Агротехничар/ агротехничар за традиционално и органско производство; - Техничар за фитомедицина/ техничар за агроменаџмент; - Фармацевтски техничар; - Медицинска сестра.
Учебна година	2026 - 2027

План на активности за реализација на практично образование

Ред.бр.	**Активности**	**Период/краен рок**
1.	Воспоставување соработка со работодавачи	Во текот на учебната година
2.	Изготвување на Предлог-листа на работодавачи, утврдување на видот на занимањата и бројот на работни места на ниво на компанија	Во текот на учебната година
3.	Објавување Предлог-листа на работодавачи со кои соработува училиштето, на веб-страницата на училиштето,на огласна табла и на веб- страницата на Општината	Во текот на учебната година
4.	Ажурирање на листата на работодавачи кои примаат ученици за УПР	Во текот на наставната година
5.	Финализирање на работни места во компанија врз основана програмата за УПР од соодветна квалификација	Втора половина на август
6.	Изготвување План за реализација на УПР научениците	Втора половина на август

Ред.бр.	Активности	Период/краен рок
7.	Потпишување Меморандуми за соработка меѓу училиштето и компаниите	Во текот на учебната година
8.	Склучување Договор за изведување УПР на учениците	Пред почеток на реализација на УПР/ септември
9	Изработка на план за распределба на ученици во компанија за реализацијана УПР	Две недели пред реализација на УПР/октомври
10	Истакнување на планот за распоредување на учениците за реализацијана УПР на огласна табла	Две недели пред реализација на УПР/октомври
11.	Обезбедување Дневник заУПР	Две недели пред реализација на УПР/октомври
12.	Проверка за подготвеноста за отпочнување со реализацијата на УПР	Пред реализација на УПР
13.	Проверка во текот на реализација на УПР	Во текот на наставната година
14.	Иницирање за изготвување програма за феријална практика	Втора половина на март
15.	Изготвување Предлог-листа на работодавачи, утврдување на видот на занимањата и бројот на работни местана ниво на компанија за реализација на Феријална практика	Прва половина на мај
16.	Потпишување меморандуми и склучување дововори за Ф.П.	Прва половина на мај
17.	Обезбедување дневник за Феријална практика	Втора половина на мај

Координатор за практично образование УПР, наставник Ефремчо Николов

СОЗШУ "ЃОРЧЕ ПЕТРОВ" – КАВАДАРЦИ

Ул.ШИШКА 23 1430 КАВАДАРЦИ ТЕЛ:043/ 412-180 ; ФАК:043/412-910
e-mail: zsuckavadarci@t.mk

План на активности за реализација на практично образование

Ред.бр.	Активности	Период/краен рок
1.	Воспоставување соработка со работодавачи	Во текот на учебната година
2.	Изготвување на Предлог-листа на работодавачи, утврдување на видот на занимањата и бројот на работни места на ниво на компанија	Во текот на учебната година
3.	Објавување Предлог-листа на работодавачи со кои соработува училиштето, на веб-страницата на училиштето,на огласна табла и на веб- страницата на Општината	Во текот на учебната година
4.	Ажурирање на листата на работодавачи кои примаат ученици за УПР	Во текот на наставната година
5.	Финализирање на работни места во компанија врз основана програмата за УПР од соодветна квалификација	Втора половина на август
6.	Изготвување План за реализација на УПР научениците	Втора половина на август
7.	Потпишување Меморандуми за соработка меѓу училиштето и компаниите	Во текот на учебната година
8.	Склучување Договор за изведување УПР на учениците	Пред почеток на реализација на УПР/ септември
9	Изработка на план за распределба на ученици во компанија за реализацијана УПР	Две недели пред реализација на УПР/октомври
10	Истакнување на планот за распоредување на учениците за реализацијана УПР на огласна табла	Две недели пред реализација на УПР/октомври

Ред.бр.	Активности	Период/краен рок
11.	Обезбедување Дневник за УПР	Две недели пред реализација на УПР/октомври
12.	Проверка за подготвеноста за отпочнување со реализацијата на УПР	Пред реализација на УПР
13.	Проверка во текот на реализација на УПР	Во текот на наставната година
14.	Иницирање за изготвување програма за феријална практика	Втора половина на март
15.	Изготвување Предлог-листа на работодавачи, утврдување на видот на занимањата и бројот на работни местана ниво на компанија за реализација на Феријална практика	Прва половина на мај
16.	Потпишување меморандуми и склучување дововори за Ф.П.	Прва половина на мај
17.	Обезбедување дневник за Феријална практика	Втора половина на мај

Координатор за практично образование УПР, наставник Горан Зимоски

8.16. План на образовен асистент

Доколку во текот на учебната 2026/2027 година во училиштето биде ангажиран образовен асистент, истиот ќе обезбедува поддршка на учениците со посебни образовни потреби во согласност со нивните индивидуални потреби, препораките од функционалната проценка и индивидуалните образовни планови (ИОП). Активностите ќе се реализираат во соработка со наставниците, родителите, стручната служба и Училишниот инклузивен тим.

Планирани активности	Време на реализација	Очекувани резултати	Одговорни лица за следење
Запознавање со потребите на ученикот и документацијата поврзана со поддршката	Септември и по потреба	Планирана и координирана поддршка	Директор, Училишен инклузивен тим

Планирани активности	Време на реализација	Очекувани резултати	Одговорни лица за следење
Поддршка на ученикот за време на наставата и практичната настава	Континуирано	Подобрено учество и напредок на ученикот	Наставници, образовен асистент
Поттикнување на самостојноста и активното учество во наставниот процес	Континуирано	Зголемена самостојност и мотивација	Образовен асистент, наставници
Поддршка при реализација на активностите предвидени со ИОП	Континуирано	Остварување на поставените индивидуални цели	Наставници, Училишен инклузивен тим
Поддршка во комуникацијата и социјалната интеракција со врсниците	Континуирано	Подобрена социјална интеграција	Образовен асистент, класен раководител
Соработка со родители, наставници и стручна служба	Континуирано	Усогласено делување на сите учесници во процесот	Педагог, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор
Учество на состаноци на Училишниот инклузивен тим	По потреба	Координирана поддршка на ученикот	Училишен инклузивен тим
Подготовка на извештаи за реализираната поддршка	Полугодишно и годишно	Следење на напредокот и планирање на понатамошна поддршка	Образовен асистент

8.17. План на кариерниот советник и тимот за кариерно советување

Планот на кариерниот советник и тимот за кариерно советување е насочен кон поддршка на учениците во процесот на самоспознавање, професионална ориентација и планирање на понатамошното образование и кариера. Преку различни активности, работилници, советувања и соработка со релевантни институции и работодавачи, учениците ќе стекнуваат информации и вештини потребни за донесување информирани одлуки за нивниот личен и професионален развој.

Ред. бр.	Активност	Време на реализација	Одговорно лице	Очекуван резултат

Ред. бр.	Активност	Време на реализација	Одговорно лице	Очекуван резултат
1.	Спроведување тестови за интереси, способности и професионални вредности на учениците	Септември – октомври 2026	Кариерен советник, психолог, педагог	Подобро самопознавање и препознавање на личните потенцијали кај учениците
2.	Работилница „Кој сум јас и што можам?“	Октомври 2026	Кариерен советник, класни раководители	Развивање на самодоверба и свест за сопствените способности
3.	Презентации за професии, струки и можности за вработување	Ноември – декември 2026	Кариерен советник, наставници по стручни предмети	Зголемена информираност за професионалните можности
4.	Работилница „Како да донесувам добри одлуки?“	Декември 2026	Кариерен советник, психолог	Развивање вештини за донесување информирани одлуки
5.	Посета на компании, институции, здравствени установи и работни организации поврзани со струките во училиштето	Во текот на учебната година	Кариерен советник, координатори за практична настава, наставници по стручни предмети	Запознавање со реални работни средини и можности за кариера
6.	Средби со поранешни ученици, работодавачи и стручни лица	Јануари – март 2027	Кариерен советник, наставници, стручна служба	Подобро разбирање на барањата на пазарот на трудот
7.	Презентации на универзитети, факултети и	Февруари – април 2027	Кариерен советник, стручна служба	Информирање за можностите за продолжување на

Ред. бр.	Активност	Време на реализација	Одговорно лице	Очекуван резултат
	високообразовни установи			образованието
8.	Работилници за изработка на CV и мотивациско писмо	Март 2027	Кариерен советник, наставник по македонски јазик	Стекнати вештини за подготовка на документација за вработување и студирање
9.	Подготовка за интервју за работа и симулација на интервју	Април 2027	Кариерен советник, наставници, работодавачи-соработници	Подобрување на комуникациските и презентациските вештини
10.	Индивидуално кариерно советување на ученици	Во текот на учебната година	Кариерен советник, психолог, педагог	Поддршка при избор на понатамошно образование и професионален развој
11.	Изработка на индивидуален кариерен план за учениците од завршните години	Април – мај 2027	Кариерен советник, психолог, класни раководители	Учениците имаат јасна насока за понатамошно образование или вработување
12.	Евалуација на реализираните активности преку анкети и разговори со учениците	Мај – јуни 2027	Кариерен советник, стручна служба	Следење на ефектите од кариерното советување и планирање мерки за подобрување

9. Воннаставни активности

9.1. Училиштни спортски клубови

УСК „Ѓорче Петров“ – Кавадарци
Телефон за контакт: 071 / 223 - 622
ЕДБ: 4011014511101
Ж - сметка: 210-069384930103
Одговорно лице: Горан Велковски – наставник по Спорт и спортски активности: адреса: ул.„Никола Минчев“, бр. 9/16 – Кавадарци.
Контакт телефон: 071 / 223 - 622
УСК „Ѓорче Петров“ – Кавадарци е невладина и непрофитна организација која е насочена кон развојот и подршката на училишниот спорт во Кавадарци.
Цели на УСК „Ѓорче Петров“:

- УСК „Ѓорче Петров“ - Кавадарци одржува тренинзи по кошарка и фудбал со времетраење од 1 час од понеделник до петок, а самите деца се поделени по возраст и пол;
- активно се натпреваруваме во лигите за кошарка и фудбал на ФУСМ.
- во склоп на училиштето има паралелки по кошарка од спортската академија каде се изведуваат секојденвни тренинзи;
- организирањето на натпреварите е во согласност со претходен утврден календар на натпревари од страна на ФУСМ;
- сите ученици кои се членови на УСК Ѓорче Петров-Кавадарци не плаќаат членарина за тренинзи и натпревари;
- тренери на клубот се: Горан Попов, Дарко Цеков, Марјан Ѓуров и Александра Ристовска дипломирани професори по физичко и здравствено образование на УКИМ.

9.2 Ученички акции и волонтерство

Училиштето континуирано ги поттикнува учениците на активно учество во ученички акции и волонтерски активности, со цел развивање на хуманост, солидарност, еколошка свест, општествена одговорност и граѓански вредности. Активностите се планираат и реализираат во соработка со наставниците, Советот на родители, Црвениот крст, локалната заедница и други институции и организации, согласно Годишната програма за работа на училиштето.

Активност	**Дефинирани содржини**	**Цел на активноста**	**Време на реализација**	**Одговорни лица**	**Вклучени ученици**	**Потребни средства и извор**	**Тим за следење**
Хуманитарен базар	Изработка и продажба на	Развивање хуманост и	Декември и	Координатор на	Ученици од	Изработки од	Педагог, наставни

Активност	**Дефинирани содржини**	**Цел на активноста**	**Време на реализација**	**Одговорни лица**	**Вклучени ученици**	**Потребни средства и извор**	**Тим за следење**
	ученички производи, собирање донации	солидарност		ученичка заедница, класни раководители	сите паралелки	ученици, донации од родители и локални компании	ци, претставник на родители
Хепенинг по повод Денот на училиштето	Културно-уметничка програма, изложби и презентации	Промоција на ученички таленти и креативност	Според Годишната програма	Наставници ментори	50–100 ученици	Училишни ресурси и спонзорства	Комисија формирана од училиштето
Еколошка акција – „Чисто училиште, чиста средина“	Чистење на училишниот двор и околината, селекција на отпад	Развивање еколошка свест	Октомври и Април	Наставници по биологија и географија	Ученици волонтери	Вреќи, ракавици, средства од училиштето и општината	Наставници и претставници на ученицит е
Акција за собирање облека и храна	Собирање и дистрибуција на донации	Помош на социјално загрозени семејства	Ноември	Стручна служба и ученичка заедница	Ученици од сите класови	Донации од ученици, родители и локална заедница	Комисија за хуманитарни активности
Крводарителска акција	Едукативна трибина и доброволно дарување крв	Развивање општествена одговорност	Еднаш годишно	Црвен крст и училиште	Полнолетни ученици	Во соработка со Црвен крст	Претставници од Црвен крст и училиште
Волонтерска поддршка на училишни манифестации	Организациска и техничка поддршка на настани	Развој на организациски и комуникациски вештини	Во текот на годината	Наставници организатори	Ученици волонтери	Училишни ресурси	Координатор на активноста
Акција за	Засадување	Подигање	Март –	Наставни	Ученик	Садници	Наставни

Активност	Дефинирани содржини	Цел на активноста	Времена реализација	Одговорни лица	Вклучени ученици	Потребни средства и извор	Тим за следење
пошумување	садници и уредување зелени површини	еколошка свест	Април	ци од Сектор шумарство и бработка на дрво и локални институции	и од повеќе паралелки	обезбедени од општината или донатори	ци и претставници на локалната заедница
Хуманитарна акција за ранливи категории граѓани (посета на Дом за згрижување на деца без родители)	Посетата вклучува дружење со децата,предавање на донации (собирање на облека,училишен прибор, лекови, суплементи и хигиенски средства.	Подигнување на свеста за хуманост ,солидарност со ранлива категорија на граѓани	декември	Сектор Здравство и социјална заштита	Ученици од различни паралелки	Средствата се обезбедени од аптеки кои имаат соработка со училиштата	Наставници од сектор Здравство, психолог

Очекувани резултати

- Развиена култура на волонтерство и хуманост;
- Поголема активност и вклученост на учениците во општествени процеси;
- Зајакната соработка помеѓу училиштето, семејството и локалната заедница;
- Развиени лидерски, комуникациски и организациски вештини;
- Подигната еколошка и граѓанска свест кај учениците.
-

9.3 Драмски, музички, ликовни и други настани

Во училиштето редовно се организираат разновидни драмски, музички, ликовни, литературни, спортски, хуманитарни и едукативни настани со цел да се поттикне севкупниот развој на учениците, нивната креативност, таленти и активно учество во животот на училиштето.

Цели на настаните

- Развивање и афирмирање на талентите и способностите на учениците;
- Поттикнување на креативноста и иновативноста;
- Развивање на комуникациски и социјални вештини;
- Јакнење на самодовербата и чувството на припадност;
- Промовирање на културни, етички и општествени вредности;
- Поддршка на интересите и афинитетите на учениците.

Видови настани и активности

Вид на настан	Опис на активности	Број на ученици	Одговорни наставници	Периодичност
Драмски приредби	Театарски претстави, рецитали, сценски изведби	30–50	Наставници по македонски јазик и литература	2–3 пати годишно
Музички настани	Концерти, хорови, музички настапи	20–40	Наставници по музичка уметност	По потреба
Ликовни изложби	Изложби на ученички творби и конкурси	30–60	Наставници по ликовна уметност	Неколку пати годишно
Литературни средби	Поетски читања, литературни конкурси	20–50	Јазичен актив	Во текот на годината
Спортски манифестации	Турнири, спортски денови	100+	Наставници по спорт и спортски активности	Континуирано
Хуманитарни акции	Добротворни концерти и акции	Голем број ученици	Стручна служба и наставници	По потреба
Одбележување празници	Патронат, државни и културни празници	Сите ученици	Наставнички совет	Во текот на годината

Очекувани резултати

- Развиени социјални и комуникациски вештини;
- Подобрени креативни способности;
- Поголема мотивираност за учество во училишниот живот;
- Развиено чувство за тимска работа и соработка;
- Подобра афирмација на ученичките таленти;
- Подигнување на културниот и образовниот квалитет на училиштето.

10. Ученичко организирање и учество

Ученичкото организирање и учество во СОЗШУ се реализира преку заедниците на паралелките, Ученичкиот совет и Ученичкиот правобранител. Целта е да се поттикне активното учество на учениците во животот и работата на училиштето, развивање на демократска култура, одговорност, лидерство, меѓусебна соработка и почитување на ученичките права и обврски.

Во секоја паралелка учениците избираат претседател и заменик-претседател на заедницата на паралелката. Претседателите на паралелките го сочинуваат Ученичкиот совет на училиштето.

Ученичкиот совет:

- ги застапува интересите на учениците;
- дава мислења и предлози за прашања поврзани со наставата и училишниот живот;
- иницира активности од образовен, хуманитарен, еколошки, спортски и културен карактер;
- соработува со директорот, стручната служба, Советот на родители и Училишниот одбор;
- учествува во организирање на училишни настани и акции;
- промовира активно граѓанство и демократско учество.

Ученичкиот правобранител се избира од редот на учениците согласно утврдената постапка во училиштето. Неговата улога е да ги следи состојбите поврзани со остварувањето на ученичките права, да прима иницијативи и предлози од учениците и да соработува со стручната служба и раководството на училиштето за нивно разрешување.

За реализација на активностите ќе се користат просториите на училиштето, информатичка опрема, канцелариски материјали, презентациска опрема и средства обезбедени од училиштето, проекти, донации и соработка со локалната заедница.

План за работа на Ученичкиот совет

Активност	**Време на реализација**	**Одговорни лица**	**Потребни средства**	**Очекуван резултат**
Конституирање на Ученичкиот совет и избор на раководство	Септември	Координатор на Ученички совет, ученици	Записници, формулари	Формиран Ученички совет
Изработка на	Септември	Ученички совет	Канцелариски	Усвоена

Активност	Време на реализација	Одговорни лица	Потребни средства	Очекуван резултат
годишна програма за работа			материјал	програма за работа
Учество во одбележување на Денот на училиштето	Во текот на учебната година	Ученички совет	Училишни ресурси	Активно учество на учениците
Организирање хуманитарни акции	Ноември, март	Ученички совет	Промотивни материјали	Развиена хуманост и солидарност
Организирање еколошки акции	Октомври и април	Ученички совет, наставници	Садници, ракавици, вреќи	Подигната еколошка свест
Учество во активности за безбедност и превенција од насилство	Континуирано	Психолог, педагог, Ученички совет	Едукативни материјали	Подобра училишна клима
Средби со директорот за ученички иницијативи	Еднаш месечно	Директор, Ученички совет	Просторија за состаноци	Поголема вклученост во одлучувањето
Учество во училишни проекти и настани	Континуирано	Ученички совет	Според активноста	Развиени лидерски вештини
Евалуација на работата на Ученичкиот совет	Мај-јуни	Координатор, ученици	Прашалници	Подобрување на работата

План за работа на Ученичкиот правобранител

Активност	Време на реализација	Одговорни лица	Очекуван резултат
Избор на ученички правобранител	Септември	Ученички совет, директор	Избран ученички правобранител
Запознавање на учениците со улогата на правобранителот	Септември	Правобранител, педагог	Учениците информирани за своите права
Прием на предлози, иницијативи и забелешки	Континуирано	Ученички правобранител	Подобрена комуникација

Активност	Време на реализација	Одговорни лица	Очекуван резултат
од учениците			
Следење на почитувањето на ученичките права	Континуирано	Правобранител, стручна служба	Навремено препознавање на проблеми
Соработка со педагог, психолог и директор	Континуирано	Ученички правобранител	Ефикасно решавање на прашања
Учество во активности за превенција од дискриминација и насилство	Во текот на учебната година	Правобранител, психолог	Безбедна и инклузивна средина
Подготовка на годишен извештај за работата	Мај-јуни	Ученички правобранител	Извештај за реализирани активности

Потребни средства и извори

- Простории за состаноци;
- Компјутер и интернет пристап;
- Проектор и презентациска опрема;
- Канцелариски материјал;
- Огласна табла на Ученичкиот совет;
- Средства од буџетот на училиштето;
- Поддршка од Советот на родители;
- Средства обезбедени преку проекти, донации и партнерства со локалната заедница.

11. Вонучилишни активности

11.1. Ученички екскурзии

Ред. бр.	Тим за изработка на програмата	Вид на вонучилишна активност	Година/паралелка	Планиран термин	Одговорно лице
1.	Блаже Ѓорчев, Божанка Минова, Ивана Андов	СТРУЧНО – ИСТРАЖУВАЧКА ЕКСКУРЗИЈА – „АЛКАЛОИД“ СКОПЈЕ	I, II, III, IV година/ паралелки од секторот *Здравство и социјална заштита*, квалификација	април – мај 2027	Блаже Ѓорчев

Ред. бр.	Тим за изработка на програмата	Вид на вонучилишна активност	Година/паралелка	Планиран термин	Одговорно лице
			Фармацевтски техничар.		
2.	Блаже Ѓорчев, Божанка Минова, Ивана Андов	СТРУЧНО–ИСТРАЖУВАЧКА ЕКСКУРЗИЈА – „КОЖУВЧАНКА“	II, IV година/ паралелки од секторот *Здравство и социјална заштита* кои го изучуваат предметот *Храна и исхрана* и предметот *Исхрана со диететика.*	март – април 2027	Блаже Ѓорчев
3.	Радица Бинова, Тодорка Коцева, Александра Петрова (Фиданка Сокаров), Роза Тефова	СТРУЧНО - ИСТРАЖУВАЧКА ЕКСКУРЗИЈА (ПОСЕТА НА ХОТЕЛСКИ ПАРКОВИ И УРЕДЕНИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ ВО ГЕВГЕЛИЈА)	I, II, III, IV година/ паралелки од секторот *Шумарство и обработка на дрво*, квалификација *Техничар за пејзажен дизајн.*	април – мај 2027	Радица Бинова
4.	Роза Тефова, Тодорка Коцева, Александра Петрова (Фиданка Сокаров), Радица Бинова	СТРУЧНО - ИСТРАЖУВАЧКА ЕКСКУРЗИЈА **(**ПОСЕТА НА РАСАДНИК, МЕТЕОРОЛОШКА СТАНИЦА И ГРАДСКИ ПАРК СКОПЈЕ)	I, II, III, IV година/ паралелки од секторот *Шумарство и обработка на дрво*, квалификација *т Техничар за пејзажен дизајн.*	март – април 2027	Роза Тефова
5.	Сакалиев Горан, Тодорка Коцева, Александра Петрова (Фиданка	СТРУЧНО - ИСТРАЖУВАЧКА ЕКСКУРЗИЈА (ПОСЕТА НА ЛОВЕН МУЗЕЈ - Скопје,	I, II, III, IV година/ паралелки од секторот *Шумарство и обработка на дрво*, квалификација	април – мај 2027	Сакалиев Горан

Ред. бр.	Тим за изработка на програмата	Вид на вонучилишна активност	Година/паралелка	Планиран термин	Одговорно лице
	Сокаров), Роза Тефова, Бинова Радица	МЕТЕОРОЛОШКА СТАНИЦА – Скопје).	*Шумарски техничар.*		
6.	Сакалиев Горан, Тодорка Коцева, Александра Петрова Роза Тефова, Бинова Радица	СТРУЧНО - ИСТРАЖУВАЧКА ЕКСКУРЗИЈА (ПОСЕТА НА ЛОВИШТЕ „Смрдлива Вода“ ВО ГЕВГЕЛИЈА)	I, II, III, IV година/ паралелки од секторот *Шумарство и обработка на дрво*, квалификација *Шумарски техничар.*	април – мај 2027	Сакалиев Горан
7.	Тодорка Коцева, Горан Сакалиев, Александра Петрова Роза Тефова, Бинова Радица	СТРУЧНО - ИСТРАЖУВАЧКА ЕКСКУРЗИЈА (ПОСЕТА НА НАЦИОНАЛЕН ПАРК МАВРОВО И ЛОВИШТЕ ВО РАМКИТЕ НА НП МАВРОВО)	I, II, III, IV година/ паралелки од секторот *Шумарство и обработка на дрво*, квалификација *Шумарски техничар* и *Техничар за пејзажен дизајн.*	април – мај 2027	Тодорка Коцева
8.	Деан Илков, Гордана Н. Стојчева, Стефан Ацев, Горан Зимоски	СТРУЧНО - ИСТРАЖУВАЧКА ЕКСКУРЗИЈА (ПОСЕТА НА САЕМ ЗА МЕБЕЛ – СКОПЈЕ)	I, II, III, IV година/ паралелки од секторот *Шумарство и обработка на дрво*, квалификација *Техничар за мебел и ентериер* и *Техничар за обработка на дрвото.*	март – април 2027	Деан Илков
9.	Гордана Н. Стојчева,	СТРУЧНО - ИСТРАЖУВАЧ	I, II, III, IV година/ паралелки од	април – мај 2027	Гордана Н. Стојчева

Ред. бр.	Тим за изработка на програмата	Вид на вонучилишна активност	Година/паралелка	Планиран термин	Одговорно лице
	Деан Илков, Стефан Ацев, Горан Зимоски	КА ЕКСКУРЗИЈА (ПОСЕТА НА ФАБРИКА ЗА МЕБЕЛ – КОЧАНИ, МЕБЕЛ „ВИ" – ВИНИЦА И ФАБРИКА ЗА ОБРАБОТКА НА ДРВО „БИ ГРУП" – ПЕХЧЕВО)	секторот *Шумарство и обработка на дрво*, квалификација *Техничар за мебел и ентериер* и *Техничар за обработка на дрвото*.		
10.	Наталија Касапинова, Влатко Тасев, Загорка Ризова	ЕКСКУРЗИИ ПОВРЗАНИ СО ТЕМИ И СОДРЖИНИ ОД НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ ОД АКТИВОТ ПО МАКЕДОНСКИ И СТРАНСКИ ЈАЗИК (ПОСЕТА НА ТЕАТАР, ОПЕРА, БАЛЕТ, КИНО - ПРЕТСТАВА – СКОПЈЕ)	I, II, III, IV година/ сите паралелки	ноември – декември 2026; март – април 2027	Наталија Касапинова
11.	Менча Мајсторова,Коцо Попов, Горан Керов, Лепа Ѓелова	СТРУЧНО - ИСТРАЖУВАЧКА ЕКСКУРЗИЈА (посета на хидрометеоролошки завод - Скопје; посета на саемот	I, II, III, IV година/ паралелки од секторот *Земјоделство,рибарство и ветеринарство*	септември-јуни	Менча Мајсторова

Ред. бр.	Тим за изработка на програмата	Вид на вонучилишна активност	Година/паралелка	Планиран термин	Одговорно лице
		Агрофуд-Скопје; посета на Ботаничката градина при ПМФ-Скопје			
12.	Менча Мајсторова,Ефремчо Николов, Оливера Гркова, Јасминка М. Спиркоски, Бошко Настов, Глигорчо Бојков	СТРУЧНО - ИСТРАЖУВАЧКА ЕКСКУРЗИЈА (посета на институт на ориз и житни култури и фабрика за производство на печурки КИС-Кочани; посета на прочистителна станица за отпадни води во с. Мојанци-Кочани и фабрика за производство на цветни култури по пат на култура на ткиво-ин витро Антура - Кочани	I, II, III, IV година/ паралелки од секторот *Земјоделство,рибарство и ветеринарство*	септември-јуни	Менча Мајсторова
13.	Менча Мајсторова, Ефремчо Николов, Оливера Гркова, Јасминка М. Спиркоски, Бошко	СТРУЧНО - ИСТРАЖУВАЧКА ЕКСКУРЗИЈА (посета на Меѓународен саем на земјоделски култури и	I, II, III, IV година/ паралелки од секторот *Земјоделство,рибарство и ветеринарство*	септември-јуни	Менча Мајсторова

Ред. бр.	Тим за изработка на програмата	Вид на вонучилишна активност	Година/паралелка	Планиран термин	Одговорно лице
	Настов, Глигорчо Бојков	механизација во Нови Сад - Р.Србија)			
	Менча Мајсторова, Ефремчо Николов, Оливера Гркова, Јасминка М. Спиркоски, Бошко Настов, Глигорчо Бојков	СТРУЧНО - ИСТРАЖУВАЧКА ЕКСКУРЗИЈА (посета на Меѓународен саем на земјоделски култури и механизација во Солун – Р.Грција)	I, II, III, IV година/ паралелки од секторот *Земјоделство,рибарство и ветеринарство*	Февруари-март	Менча Мајсторова
14.	Горан Велковски, Горан Попов	СПОРТСКО-РЕКРЕАТИВНА ЕКСКУРЗИЈА (СКИЈАЊЕ во ски центар Михајлово - Кожув)	I, II, III, IV година/ сите паралелки	јануари - февруари	Горан Велковски
15.	Горан Велковски, Горан Попов	СПОРТСКО-РЕКРЕАТИВНА ЕКСКУРЗИЈА (пролетна и есенска ден)	I, II, III, IV година/ сите паралелки	Март-ноември	Горан Попов
16	Ефремчо Николов, Радица Бинова, Стефан Ацев,	ЗАВРШНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ	III година/ сите паралелки	април - мај - јуни	Ефремчо Николов

Ред. бр.	Тим за изработка на програмата	Вид на вонучилишна активност	Година/паралелка	Планиран термин	Одговорно лице
	Гордана С. Наумова, Бошко Настов, Божанка Минова	ОД III ГОДИНА			
17	Наталија Касапинова Маргарита Делова Оливера Гркова Роза Тефова Горан Попов Наталија Вцкова Тодорка Коцева Блаже Ѓорчев Деан Илков Јасмина Спирлоски	Дводневна наставно-научна екскурзија со преноќување во Охрид	I и II година сите паралелки	Октомври-мај	Маргарита Делова
	Наталија Касапинова Маргарита Делова Оливера Гркова Роза Тефова Горан Попов Наталија Вцкова Тодорка Коцева Блаже Ѓорчев Деан Илков Јасмина Спирлоски Милка Манчева Даниел Петков	Еднодневна наставно-научна екскурзија Солун – Р.Грција	I, II,III и IV година сите паралелки	Октомври-мај	Оливера Гркова

Ред. бр.	Тим за изработка на програмата	Вид на вонучилишна активност	Година/паралелка	Планиран термин	Одговорно лице
	Блаже Ѓорчев Ефремчо Николов				

11.2. Податоци за учениците вклучени во вонучилишни активности

Учениците во СОЗШУ „Ѓорче Петров“ Кавадарци, покрај тоа што се вклучени во најразлични активности во рамките на акциите, секциите/клубовите и другите воннаставни активности кои ги нуди училиштето, членуваат и во разни невладини организации и тела, а се вклучени и во други воннаставни активности надвор од училиштето. Најголем број од учениците членуваат во кошаркарски клубови, фудбалерски клубови, карате клубови, играорна и др. Бројот на учениците кои членуваат во ваквите воннаставни активности е променлив.

12. Натпревари за учениците

12.1. Учество на општински, регионални, државни, олимпијади и меѓународни натпревари

Натпреварите претставуваат значаен сегмент од воспитно-образовниот процес и важна можност за афирмација на знаењата, вештините и талентите на учениците. Преку учество на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари, учениците имаат можност да ги продлабочат своите компетенции, да развиваат натпреварувачки дух, креативност, тимска работа и самодоверба, како и да го претставуваат училиштето на повисоки нивоа на натпреварување. Во текот на учебната 2026/2027 година, СОЗШУ „Ѓорче Петров“ – Кавадарци планира активно учество на повеќе натпревари од општообразовните и стручните области, согласно интересите и постигнувањата на учениците и програмските определби на училиштето.

Вид на натпревар	Ниво (општинско, регионално, државно, олимпијада или меѓународно)	Предмет / област	Планиран период на одржување	Учесници (година)	Процедура за избор	Одговорни наставници	Тимска поддршка	Финансиски потреби	Поддршка од Совет на родители
Натпревар по биологија	Општинско, регионално, државно	Биологија	Февруари, март, мај 2027	5–6 ученици од I, II и III година	Преку претходен училишен и регионален натпревар	Наставник по биологија	Наставник по биологија	Материјали за подготовка	Делумна поддршка
Натпревар по англиски јазик	Општинско, регионално, државно	Англиски јазик	Февруари, март, мај 2027	3–5 ученици од I, II и III година	Преку претходен училишен и регионален натпревар	Наставник по англиски јазик	Наставник по англиски јазик	Материјали за подготовка	Делумна поддршка
Национален натпревар на вешти	Национално	Сектор Шумарство и обработка на дрво	Мај 2027	1–3 ученици од II година	Преку претходен училишен натпревар	Наставници по стручни предмети	Наставници по стручни предмети	Материјали за подготовка	Делумна поддршка
Образовно рандеву МАССУМ	Државно	Сите струки и квалификации застапено	Април 2027	Околу 15 ученици од I, II, III и IV година	Подготовка и селекција во училиштето	Предметни наставници	Предметни наставници и стручна служба	Материјали за подготовка и превоз	Делумна поддршка

		училиштето							
Натпревар по Прва помош	Општинско, регионално, државно	Здравство и социјална заштита	Април 2027	6 ученици од I, II и III година	Подготовка и избор во училиштето	Наставник по биологија и наставници од секторот	Стручна служба	Материјали за подготовка	Делумна поддршка
Стручен натпревар од областа на здравството	Регионално, државно (доколку биде организиран)	Медицинска сестра	Април–мај 2027	2–4 ученици од I и II година	Избор според постигања и практични вештини	Наставници по стручни предмети	Наставници од секторот и стручна служба	Материјали и опрема за подготовка	Делумна поддршка
Стручен натпревар од областа на фармацијата	Регионално, државно (доколку биде организиран)	Фармацевтски техничар	Април–мај 2027	2–4 ученици од II, III и IV година	Избор според успех и стручни компетенции	Наставници по стручни предмети	Наставници од секторот и стручна служба	Материјали за подготовка	Делумна поддршка
Меѓународен натпревар „Млад дрвосечач	Меѓународно	Шумарски техничар	Март 2027	2 ученици од III и IV година	Преку претходен училишен натпревар	Наставници по стручни предмети	Наставници постручни предмети	Материјали за подготовка и превоз	Делумна поддршка

13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

Во СОЗШУ „Ѓорче Петров“ Кавадарци сите учениците учат по македонска наставна програма и моментално немаме партнер училиште од друг етникум, затоа акцентот ќе биде ставен на развивање интеркултурни вредности, почитување на различностите, човекови права, толеранција и спречување на дискриминација. Доколку во иднина се воспостави соработка со друго училиште, ќе може да се дополни овој дел.

План на активности

Активност	**Временска рамка**	**Одговорни лица**	**Начин на реализација**	**Очекувани резултати**
Формирање на Тим за училишна интеграција	Септември	Директор, педагог	Одлука за формирање тим	Формиран и функционален тим
Изработка на годишен план за интеркултурни активности	Септември	Тим за училишна интеграција	Работен состанок	Усвоен план за работа
Одбележување на Меѓународниот ден на толеранцијата (16 Ноември)	Ноември	Тимот, класни раководители	Работилници, презентации, дебати	Подигната свест за толеранција и почитување
Работилници „Почитување на различностите“	Ноември – декември	Психолог, педагог	Интерактивни работилници	Намалување на предрасуди и стереотипи
Активности по повод Денот на човековите права	Декември	Наставници по општествени науки	Презентации и дискусии	Разбирање на човековите права и еднаквост
Литературни, ликовни и мултимедијални конкурси на тема мултикултурализам	Февруари	Наставници по јазици и уметност	Ученички творби и изложби	Поттикнување креативност и интеркултурен дијалог
Работилница за спречување дискриминација и говор на омраза	Март	Психолог, педагог	Работилница и дискусија	Подобрени социјални вештини и одговорно однесување
Одбележување на	Мај	Тим за	Презентации и	Почитување на

Активност	Временска рамка	Одговорни лица	Начин на реализација	Очекувани резултати
Светскиот ден на културната разновидност		интеграција, Ученички совет	ученички активности	културната разновидност
Вклучување на интеркултурни содржини во наставата	Во текот на учебната година	Сите наставници	Наставни и проектни активности	Развивање интеркултурни компетенции
Евалуација на реализираните активности	Мај – јуни	Тим за училишна интеграција	Извештај и анализа	Подобрување на идните активности

Потребни средства и начин на обезбедување

Потребни средства	Начин на обезбедување
Компјутер, проектор и интернет	Постоечки училишни ресурси
Канцелариски материјали	Буџет на училиштето
Печатење флаери, постери и сертификати	Буџет на училиштето и спонзорства
Простории за работилници и презентации	Училишни простории
Стручна литература и едукативни материјали	Библиотека, електронски ресурси, проекти

14. Проекти што се реализираат во средното училиште

Назив на проектот	Цел на проектот	Придобивки за училиштето и учениците	Вклучени наставници и стручни соработници	Временска рамка	Извор на финансирање
Прорама за -Учење преку работа	Развој на практични вештини и компетенции кај учениците преку работа во реална работна	Подобра подготвеност на учениците за пазарот на трудот, стекнување работно искуство и зајакнување на соработката со	Координатор за учење преку работа, **-Ефремчо Николов за следниве сектори** Земјоделство,рибарство и ветеринарство. -Здравство и социјална заштита.	Септември 2026 – Јуни 2027	Министерство за образование и наука, Училиштето СОЗШУ„Ѓорче Петров"-Кавадарци и компании-партнери кои активно учествуваат во

	средина.	компаниите.	**Образовни профили** - Агротехничар/ агротехничар за традиционално и органско производство - Техничар за фитомедицина/ техничар за Агроменаџмент. **-Горан Зимоски за следниве сектори.** Шумарство и обработка на дрво. **Образовни профили** -Шумарски техничар/техничар за пејзажен дизајн -Техничар за мебел и ентериер/техничар за обработка на дрво - Медицинска сестра -наставници по стручни предмети, стручна служба. -**Вклучени Наставници.** **сектори** -Земјоделство, рибарство и ветеринарство.		изведување на практичната настава. -ВВ Тиквеш, -Алајанс оне. -Агротомил. -Агрокожувчанка. -ЈП Национални Шуми. -Кав Комерц. -Општа Болница. -Аптеки Бела Фарм. -Градска Аптека НЕГОТИНО. -Фарманеа-Росоман. -Фарманеа - Кавадарци. -Аптека Глорија. -Аптека Хигија Росоман. -Ником. -Комуналец. -Аптека Камелија. -Апидо Фарм. -Еурофарм Кавадарци. -Пеонија Неготино. -Фарма Медика. -Анис трејд. -Пантелејмон. -Семејни винарии. -Бар де Фер. -ПЗУ Др.Томе.

			1.Горан Керов 2.Оливера Гркова 3.Бошко Настов 4.Глигор Бојков 5.Коце Попов 6.Лепа Ѓелова **-Здравство и социјална заштита.** -Ивана Андов -Јасминка Еленова Блаже Ѓорчев **Вклучени Наставници.** **Сектори.** Шумарство и обработка на дрво. 1. Роза Тефова 2. Тодорка Коцева 3. Радица Бинова 4. Стефан Ацев 5. Деан Илков 6. Горан Сакалиев 7. Александра Петрова 8. Перо Пењушков 9. Савка Велкова		

14.1. Национални проекти
14.2. Еразмус+ и други меѓународни проекти

Назив на проектот	**Партнери**	**Цели и очекувани резултати**	**Одговорни наставници и стручни соработници**	**Временска рамка**	**Извор на финансирање**
Еразмус+ Акредитација 2021–2027	Партнерски организации, институции и компании од земјите учеснички во програмата Еразмус+	-Во текот на оваа година Ноември-Декември месец Нациналната Агенција објавува оглас за учество во Еразмус проект со оглед на тоа што училиштето има Акредитација до 2027 година ,ние ќе учествувама со наш проект,во зависност од Во зависност од расположливиот буџет ќе се реализираат краткорочни или долгорочни мобилности, обуки, студиски посети и активности за меѓународна соработка. Се предвидува вклучување на ученици од различни образовни профили со цел развивање на јазични, дигитални, интеркултурни и професионални компетенции.“ -Развој на стручни, јазични и интеркултурни компетенции кај учениците и	-Оливера Гркова Координатор -Тодорка Коцева Член -Јасминка Маркова Спиркоски -Загорка Ризова член -Наталија Касапинова Член	Континуирано во текот на учебната 2026/ 2027 година	Еразмус+ Програма на Европската Унија

Erasmus 2025-1-MK01-KA121-VET-000330324– „Ѓорче Петров” Кавадарци, Современи дигитални алатки во земјоделието, шумарството-Кипар Erasmus 2025 2nd TRAINING – Ioannina, Greece		наставниците, унапредување на квалитетот на наставата и интернационализација на училиштето. -Подобрување на организациските вештини,комуникацијата меѓу учесниците,а наставниците добиваат нови идеи кои ке можат да ги применат во наставата. -позитивна атмосфера за тимска работа, размена на искуства и поголема вклученост на учениците и наставниците во меѓународни образовни процеси. -Дополнително Еразмус + проектите го подобрија имиџот на училиштето и интересот на учениците за стручно образование - Erasmus+ проектите имаа голем импакт врз учениците, наставниците и училиштето во целина. -Проектните активности се одржани според планираното но Дисеминацијата на учениците се планира во Септември 2026 год. -Проектните активности се одржани според		Септември 2026 год. Септември 2026 год.	Еразмус+ Програма на Европската Унија Еразмус+ Програма на Европската Унија

		планираното но Дисеминацијата на учениците се планира во Септември 2026 год.			
RYCO проект	Партнерски организации и училишта од земјите од Западен Балкан	Поттикнување на меѓукултурен дијалог, соработка, толеранција и активно учество на младите.	Проектен тим-1.Ѓурѓица Косовска	Според динамиката на одобрениот проект	RYCO
Други меѓународни проекти (доколку бидат одобрени)	Согласно проектните партнерства	-Развој на меѓународна соработка, размена на искуства и добри практики. -Имаме акредитација кон крајот на календарската година, ноември – декември, на ционалната агенција објавува	Проектен тим	Во текот на учебната година	Согласно одобрениот проект

14.3. Проекти од општествена одговорност и одржлив развој

Назив на проектот	**Цел на проектот**	**Придонес за заедницата, учениците и училиштето**	**Партнери**	**Вклучени наставници и ученици**	**Временска рамка**	**Финансирање**
Хуманитарни, еколошки и волонтерски активности	Развивање на општествена одговорност, хуманост и еколошка свест кај учениците.	Активно вклучување на учениците во активности од интерес на локалната заедница и промоција на одржлив развој.	Локални институции, здруженија и компании	Наставници, стручна служба и ученици	Во текот на учебната година	Училиште, донатори и партнери

15. Поддршка на учениците

15.1. Следење и анализа на ученичкиот успех

Следењето и анализата на ученичкиот успех во СОЗШУ „Ѓорче Петров" – Кавадарци претставува континуиран процес кој овозможува увид во напредокот, постигањата и потребите на учениците. Следењето се реализира преку писмени и усмени проверки на знаењата, тестови, контролни задачи, проекти, практични активности, домашни задачи, презентации и други форми на континуирана евалуација, во согласност со наставните програми и важечките прописи за оценување.

Евалуацијата на постигањата се врши континуирано во текот на учебната година преку секојдневно следење на работата на учениците, месечни анализи, како и полугодишни и годишни согледувања на постигнатите резултати. Оценувањето се темели на јасно утврдени критериуми и стандарди и се спроведува согласно принципите на објективност, транспарентност, правичност и индивидуален пристап кон секој ученик.

Наставниците, стручната служба, Училишниот инклузивен тим и раководството на училиштето редовно вршат анализа на успехот, редовноста и поведението на учениците преку разгледување на резултатите од оценувањето, споредба на постигањата по паралелки, предмети и квалификации, како и следење на промените во успехот во текот на учебната година. Анализата овозможува идентификување на силните страни, потешкотиите во учењето, областите во кои учениците покажуваат послаби резултати и утврдување на трендовите во постигањата. Особено внимание се посветува на учениците со посебни образовни потреби и на учениците на кои им е потребна дополнителна образовна поддршка. За нив се планираат соодветни мерки и активности согласно индивидуалните потреби и индивидуалните образовни планови (ИОП).

Врз основа на добиените резултати се планираат дополнителна и додатна настава, индивидуална поддршка, советодавна работа со учениците и родителите, како и други мерки за подобрување на постигањата. Во процесот активно се вклучени наставниците, стручната служба, родителите и учениците. Информирањето за постигнувањата на учениците се реализира преку родителски средби, индивидуални разговори, извештаи за успехот, електронска евиденција и други форми на комуникација меѓу училиштето и родителите.

Со систематско следење и анализа на ученичкиот успех училиштето обезбедува навремена поддршка на учениците, унапредување на наставниот процес и создавање услови за постигнување подобри образовни резултати.

15.2. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

Училиштето ќе спроведува континуирани активности за унапредување на добросостојбата на учениците, создавање безбедна, инклузивна и поттикнувачка средина за учење, како и за превенција и заштита од сите форми на насилство, злоупотреба, занемарување и дискриминација.

Активностите ќе се реализираат во согласност со законската регулатива, протоколите за постапување во случаи на насилство и интерните процедури на училиштето.

1. Превентивни програми

Во текот на учебната година ќе се реализираат следните превентивни програми:

Програма за превенција од врсничко насилство (Прилог 30)

- Цел: развивање позитивни односи меѓу учениците, ненасилна комуникација и мирно решавање конфликти.
- Реализатори: психолог, педагог, класни раководители.

Програма за превенција од дискриминација и говор на омраза (Прилог 31)

- Цел: развивање почитување на различностите и унапредување на еднаквоста и инклузивноста.
- Реализатори: психолог, педагог и наставници.

Програма за заштита од злоупотреба на психоактивни супстанции (Прилог 32)

- Цел: подигнување на свеста за ризиците од употреба на алкохол, дроги и други зависности.
- Реализатори: стручна служба, здравствени работници и надворешни соработници.

Програма за унапредување на менталното здравје и добросостојбата (Прилог 33)

- Цел: развивање животни вештини, емоционална писменост, отпорност на стрес и грижа за менталното здравје.
- Реализатори: психолог, педагог и класни раководители.

2. Работилници и активности со ученици, родители и наставници

Во текот на учебната година ќе се реализираат групни, индивидуални и комбинирани активности со учениците, родителите и наставниците.

Учениците ќе бидат вклучувани:

- преку препорака од класните раководители;
- преку доброволно пријавување за учество во одредени активности.

Активностите ќе опфатат:

- работилници за превенција од насилство;
- работилници за ненасилна комуникација;
- работилници за спречување дискриминација и говор на омраза;
- предавања за здрави животни стилови;
- едукативни средби за безбедно користење на интернет и социјални мрежи;
- советувалишна работа со ученици и родители;
- трибини и дебати на теми поврзани со младинскиот развој.

Во реализацијата ќе бидат вклучени психологот, педагогот, дефектологот, класните раководители, претставници од Министерството за внатрешни работи, здравствени установи, Центарот за социјална работа, Црвениот крст и невладини организации.

Активностите ќе се реализираат во училишните простории, училници, кабинетите за стручна служба, спортската сала и други соодветни простори.

3. Постапка за заштита на ученик-жртва

Секој ученик, родител или вработен кој ќе забележи или ќе добие информација за насилство, злоупотреба, занемарување или дискриминација е должен да ја пријави состојбата кај класниот раководител, педагогот, психологот или директорот.

По приемот на пријавата:

- веднаш се преземаат мерки за обезбедување безбедност на ученикот;
- се врши разговор со ученикот и релевантните лица;
- се информира директорот;
- се документира случајот согласно;
- по потреба се вклучуваат родителите/старателите;
- се обезбедува психолошка и педагошка поддршка;
- по потреба се известуваат надлежните институции.

Стручната служба ја следи состојбата на ученикот и презема мерки за негово понатамошно безбедно вклучување во воспитно-образовниот процес.

4. Оценка и очекувани резултати

Од реализираните активности се очекува:

- намалување на појавите на насилство и дискриминација;
- подобрување на меѓусебните односи меѓу учениците;
- поголемо чувство на сигурност и припадност кон училиштето;
- подобрување на менталната и социјалната добросостојба на учениците;
- зголемена информираност за правата и обврските на учениците;
- зајакната соработка помеѓу училиштето, родителите и локалната заедница.

Успешноста на програмата ќе се следи преку анкети, разговори, евиденции на стручната служба, извештаи од реализирани активности, анализи на дисциплинските состојби и евалуација на реализираните програми на крајот од учебната година.

Табела за реализација на активностите за *Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, злоупотреба и запуштање и спречување дискриминација*

Активност	**Целна група**	**Реализатори**	**Временска рамка**	**Индикатори за успех**	**Потребни средства**
Формирање училишен тим за превенција и заштита од насилство и дискриминација	Наставници и стручна служба	Директор, педагог, психолог	Септември	Формиран тим и донесен план за работа	Интерни ресурси
Изработка на годишен план за превентивни активности	Ученици, родители и наставници	Педагог, психолог	Септември	Усвоен годишен план	Компјутер, канцелариски материјал
Работилница „Ненасилна комуникација и разрешување конфликти“	Ученици од I година	Психолог, педагог	Октомври	Намален број конфликтни ситуации	Презентација, работни листови
Работилница „Препознавање и спречување врсничко насилство“	Сите ученици	Психолог, класни раководители	Ноември	Учениците препознаваат форми на насилство	Едукативни материјали
Предавање за сајбер-насилство и безбедно користење интернет	Ученици	Психолог, МВР	Ноември	Подигната свест за дигитална безбедност	Проектор, презентации

Активност	Целна група	Реализатори	Временска рамка	Индикатори за успех	Потребни средства
Одбележување на Светскиот ден на детето	Ученици	Наставници, Ученички совет	Ноември	Активно учество на учениците	Постери, промотивен материјал
Работилница „Почитување на различностите и спречување дискриминација“	Ученици	Педагог, психолог	Декември	Подобрени ставови за толеранција и инклузија	Работни материјали
Индивидуални советувања за ученици во ризик	Ученици идентификувани од стручната служба	Психолог, педагог, дефектолог	Континуирано	Подобрено однесување и адаптација	Советувалиште
Советувалишна работа со родители	Родители	Психолог, педагог	Континуирано	Подобрена соработка со семејствата	Интерни ресурси
Работилница „Ментално здравје и справување со стрес“	Ученици од III и IV година	Психолог	Јануари	Подобрени вештини за справување со стрес	Презентации, работни листови
Предавање за превенција од употреба на психоактивни супстанции	Ученици	Здравствени работници, психолог	Февруари	Зголемена информираност за ризиците	Презентациска опрема
Работилница за развивање животни и социјални вештини	Ученици	Психолог, педагог	Февруари – март	Подобрена комуникација и самодоверба	Работни материјали
Родителска трибина „Поддршка на адолесцентите во периодот на раст и развој“	Родители	Психолог, педагог	Март	Поголема информираност на родителите	Презентации
Одбележување на Денот на толеранцијата и	Ученици и наставници	Тим за училишна интеграција	Март	Подигната свест за еднаквост	Постери, флаери

Активност	Целна група	Реализатори	Временска рамка	Индикатори за успех	Потребни средства
недискриминацијата					
Работилница за препознавање и пријавување насилство	Ученици	Психолог, педагог	Април	Учениците ги познаваат механизмите за заштита	Едукативни материјали
Реализација на анкета за безбедност и добросостојба во училиштето	Ученици	Педагог, психолог	Април	Добиени податоци за училишната клима	Анкетни прашалници
Анализа на состојбата со насилство, дискриминација и изречени педагошки мерки	Стручна служба	Педагог, психолог, директор	Мај	Изготвен аналитички извештај	Интерна документација
Евалуација на реализираните активности	Ученици, родители и наставници	Тим за превенција	Мај – јуни	Изготвен извештај со препораки	Анкети и извештаи
Подготовка на годишен извештај за добросостојба и заштита на учениците	Училиште	Психолог, педагог	Јуни	Усвоен извештај од Наставнички совет	Компјутер, документација

Потребни средства и извори на обезбедување

Средства	Извор
Канцелариски материјали	Буџет на училиштето
Компјутери, проектори и интернет	Постоечки училишни ресурси
Печатење на флаери, брошури и анкети	Буџет на училиштето
Едукативни презентации и прирачници	Стручна служба, БРО, МОН
Стручни лица од МВР, здравствени установи и ЦСР	Соработка со институции
Простории за работилници и советување	Училишни простории

16.Оценување

Оценувањето претставува континуиран процес на следење, проверка, вреднување и унапредување на знаењата, вештините, способностите, ставовите и компетенциите на учениците.

16.1. Видови оценување

Оценувањето се реализира согласно Законот за средно образование и важечките наставни програми, со цел да се обезбеди објективно и правично вреднување на постигањата на учениците.

Во училиштето се применуваат следните видови оценување:

- Формативно оценување

- Сумативно оценување

- Усно оценување

- Писмено оценување

- Практично оценување

- Проектно оценување

- Портфолио оценување

- Самооценување и врсничко оценување

Генерални информации за бројчаното оценување по години

Бројчаното оценување се состои од бројки кои се од 1 до 5. Ова оценување се применува во сите видови оценувања во средното образование, односно во сите класификациони периоди и тоа: прво тримесечие, прво полугодие, трето тримесечие и крајот на учебната година.

Скалата на бројчаното оценување е следната:

- 5 – одличен успех
- 4 – многу добар успех
- 3 – добар успех
- 2 – доволен успех
- 1 – недоволен успех

Се утврдува на следниот начин:

Оценка доволен два (2) - знаењата на ученикот се однесуваат на запомнување и репродуцирање.

Оценка добар три (3) - знаењата на ученикот се однесуваат на разбирање и сфаќање.

Оценка многу добар четири (4) - знаењата на ученикот се однесуваат на примена на задачи од познати и нови елементи.

Оценка одличен пет (5) - знаењата на ученикот се однесуваат на анализа, синтеза и вреднување.

Оценувањето се врши преку усни и писмени проверки, практични вежби, проектни задачи, тестови, самостојни работи, презентации и други форми на проверка соодветни на природата на наставниот предмет и струката. Посебно внимание се посветува на оценувањето на практичната настава и стекнатите стручни компетенции.

Бројчено оценување по години

Прва година

Во првата година акцентот е ставен на следење на адаптацијата на учениците кон средното стручно образование, усвојувањето на основните знаења и развивањето на работни навики.

Втора година

Во втората година се оценуваат продлабочените теоретски знаења и практичните вештини поврзани со струката. Се применуваат разновидни инструменти за оценување со цел објективно утврдување на постигањата.

Трета година

Во третата година оценувањето е насочено кон примена на знаењата во практични ситуации, решавање стручни задачи и демонстрирање професионални компетенции.

Четврта година

Во четвртата година се оценува степенот на оспособеност на ученикот за самостојна примена на стекнатите знаења и вештини. Оценувањето ги опфаќа теоретските содржини, практичната настава, проектните задачи и подготовката за државна матура или завршен испит.

Бројчената оценување се спроведува континуирано во текот на целата учебна година и има за цел да обезбеди реална слика за напредокот на учениците, нивните знаења, вештини и компетенции потребни за успешно вклучување на пазарот на трудот или продолжување на образованието.

План за писмено оценување според законските ограничувања

Во текот на учебната година се реализираат писмени проверки на знаењата согласно наставната програма и динамиката на реализација на наставните содржини. Писмените проверки ќе бидат навремено најавени и евидентирани во педагошката документација.

Период	Вид на проверка	Број
Септември – Ноември	Контролни задачи / тестови	1–2
Декември – Јануари	Писмена работа / тематски тест	1
Февруари – Април	Контролни задачи / тестови	1–2
Мај – Јуни	Завршна писмена проверка	1

Период	Вид на проверка	Број
Вкупно годишно		**4–6 писмени проверки**

Законски ограничувања при планирањето

- Писмените проверки се најавуваат однапред на учениците.
- Во еден наставен ден не се препорачува реализација на повеќе од една обемна писмена проверка по различни предмети.
- Во текот на една наставна недела бројот на писмени работи се усогласува на ниво на паралелка преку координација со класниот раководител и предметните наставници.
- Резултатите од писмените проверки се соопштуваат и анализираат со учениците во законски предвиден рок.
- При оценувањето се применуваат однапред утврдени критериуми за оценување и стандарди за постигања.
- Се обезбедува комбинација на формативно и сумативно оценување.

Во текот на учебната година ќе се реализираат најмалку четири писмени проверки на знаењата (контролни задачи, тестови, тематски проверки и писмени работи), рамномерно распределени по класификациони периоди. Писменото оценување ќе се спроведува согласно законските прописи, наставната програма и критериумите за оценување усвоени на ниво на училиште.

Активности со кои ќе се стимулира имплементирањето на стандардите во оценувањето и што се очекува како активност на секој предметен наставник во секој класификационен период

Со цел доследна примена на стандардите во оценувањето и обезбедување објективно, транспарентно и правично вреднување на постигањата на учениците, училиштето ќе реализира повеќе активности во текот на учебната година. Посебно внимание ќе се посвети на усогласување на критериумите за оценување со наставните програми, исходите од учењето и стандардите за постигања.

Во рамките на стручните активи ќе се организираат состаноци за усогласување на критериумите и инструментите за оценување, размена на добри практики и анализа на резултатите од оценувањето. Наставниците ќе изработуваат јасни критериуми за вреднување и ќе ги запознаваат учениците со нив на почетокот на учебната година и пред секоја позначајна проверка на знаењата.

Ќе се поттикнува примена на различни форми на формативно и сумативно оценување, како и користење разновидни методи и инструменти за проверка на знаењата, вештините и компетенциите на учениците. Особено внимание ќе се посвети на следење на практичните вештини и професионалните компетенции кај учениците во стручното образование.

Наставниците треба да применуваат различни форми и методи на формативно и сумативно оценување со цел објективно утврдување на знаењата, вештините и компетенциите на учениците.

Во рамките на својата работа наставниците ќе:

- го следат напредокот на учениците преку усни, писмени, практични и проектни активности;
- обезбедуваат редовна и навремена повратна информација за постигнатите резултати;
- водат уредна педагошка евиденција за оценувањето и напредокот на учениците;
- реализираат формативно и сумативно оценување согласно годишните и тематските планирања;
- применуваат јасни и однапред утврдени критериуми за оценување;
- ги информираат учениците и родителите за постигнувањата и евентуалните потешкотии во учењето;
- планираат и реализираат мерки за поддршка на учениците кои покажуваат послаби резултати;
- ги вреднуваат практичните вештини и професионалните компетенции кај учениците во стручното образование;
- соработуваат со стручната служба, класните раководители и родителите во следењето на напредокот на учениците.

Стручната служба и раководниот тим ќе ја следат примената на стандардите за оценување преку увид во педагошката документација, следење на наставниот процес и

давање стручна поддршка на наставниците. Преку овие активности ќе се обезбеди унапредување на квалитетот на оценувањето и подобрување на ученичките постигања.

Планирање на формативното и сумативното оценување

Формативното оценување се планира континуирано во текот на наставата за следење на напредокот на учениците и подобрување на учењето. Наставникот ги утврдува очекуваните резултати, избира соодветни методи за проверка, поставува критериуми за успех, дава повратна информација и води евиденција за напредокот.

Сумативното оценување се планира по завршување на наставна тема, модул или полугодие за утврдување на постигнатите резултати. Наставникот ги определува содржините и исходите за оценување, избира соодветни инструменти, подготвува јасни критериуми и навремено ги информира учениците за начинот на реализација.

Оценување на учениците со попреченост

Следењето, евалуацијата и оценувањето на постигањата на учениците со попреченост ќе се реализираат во согласност со законските и подзаконските акти кои ја регулираат инклузивната практика и согласно Правилникот за оценување на учениците кои следат настава според Индивидуален образовен план (ИОП) и модифицирана програма.

Процесот е континуиран и се заснова на индивидуалните способности, потенцијали и образовни потреби на секој ученик. Напредокот на ученикот редовно ќе се следи преку систематско набљудување, анализа на постигањата, портфолио, практични задачи, разговори и други соодветни инструменти за проценка.

Оценувањето ќе се спроведува преку дијагностичко, формативно и сумативно оценување, со примена на различни методи и стратегии прилагодени на потребите на ученикот. Наставниците ќе изработуваат соодветни инструменти за оценување во согласност со целите и очекуваните резултати утврдени во ИОП или модифицираната програма.

Во зависност од потребите на ученикот, во наставниот процес и оценувањето ќе се применуваат перцептивни, сознајни, говорни и комуникациски прилагодувања, како и прилагодување на инструкциите, времето и начинот на проверка на знаењата.

При следењето и оценувањето особено ќе се вреднуваат индивидуалниот напредок на ученикот, стекнатите функционални и практични вештини, степенот на самостојност, одговорноста, учеството во наставниот процес и развојот на социјалните и комуникациските компетенции.

Наставникот континуирано ќе ја следи и документира работата и напредокот на ученикот, ќе води соодветна педагошка евиденција и соработува со родителите/старателите, образовните асистенти, стручните соработници, со цел обезбедување правично, објективно и инклузивно оценување.

Во процесот на планирање, реализација и следење на оценувањето, наставниците ќе добиваат стручна и советодавна поддршка од Училишниот инклузивен тим, кој обезбедува насоки за примена на соодветни стратегии за поучување и оценување, учествува во следењето на напредокот на учениците и придонесува за унапредување на инклузивната практика во училиштето.

Известување на родителите

Родителите се информираат за успехот и напредокот на учениците преку:

- родителски средби;
- индивидуални разговори;
- електронски дневник;
- писмени известувања по потреба;
- советодавни средби со стручната служба.

Информирањето е континуирано и транспарентно во текот на целата учебна година.

Комисија за повторна проверка на знаењето

Комисијата за повторна проверка на знаењето ја формира директорот на училиштето со посебно решение и истата се состои од:

- претседател;
- предметен наставник;
- двајца наставници од сродна струка.

Испитни комисии

За класен испит, поправен испит, испит за побрзо напредување и вонредни испити директорот формира испитни комисии составени од:

- претседател на комисијата;
- испитувач – предметен наставник;
- член од соодветната стручна област.

Комисиите работат согласно законските прописи и интерните акти на училиштето.

Со овие активности училиштето обезбедува континуирано, објективно, транспарентно и развојно ориентирано оценување на учениците, со цел подобрување на квалитетот на наставата и постигањата на учениците.

Опис/тип на оценување	**Опис на активности**	**Одговорно лице**	**Рокови**	**Забелешки**
Бројчано оценување	Следење и оценување на постигањата на учениците со оценки од 1 до 5 согласно законските прописи и критериумите за оценување.	Предметни наставници	Континуирано во текот на учебната година	Согласно Законот за средно образование и Правилникот за оценување
Формативно оценување	Усни одговори, активности на час, домашни задачи, проекти, практична работа, лабораториски вежби, портфолија и повратна информација од учениците.	Предметни наставници	Континуирано во сите класификациони периоди	Се евидентира напредокот на учениците
Сумативно оценување	Контролни работи, тестови, писмени задачи, практични проверки и други форми на проверка	Предметни наставници	Според годишниот и тематскиот план	Се почитуваат законските ограничувања за писмени

	на знаењата.			проверки
Календар на писмено оценување	Изработка, усогласување и објавување на календар за писмени работи и тестирања по класификациони периоди	Помошник директор, стручни активи, предметни наставници	Септември и континуирана проверка и по потреба променување	Не повеќе од едно писмено оценување дневно и две неделно
Ученици со ИОП	Прилагодување на начинот на оценување согласно индивидуалните можности и потреби утврдени во ИОП/МП. Примена на прилагодени методи и инструменти.	Предметни наставници, стручна служба, образовен асистент, Училишен инклузивен тим	Континуирано	Оценувањето ќе се реализира согласно ИОП/МП, законските прописи за инклузивно образование и препораките од стручното тело за проценка
Информирање на родителите	Родителски средби, индивидуални разговори, известувања преку електронски дневник и писмени информации за успехот и поведението.	Класни раководители, предметни наставници, стручна служба	По секој класификационен период и по потреба	Континуирана комуникација со родителите
Повторна проверка на знаења	Формирање комисија и спроведување постапка за повторна проверка на знаењето по барање на ученик или родител.	Директор, комисија за повторна проверка	По поднесено барање во законски рок	Комисијата се формира со решение на директорот
Комисии за испити (класен, поправен, вонредни...)	Формирање комисии, подготовка и реализација на испитите, водење документација и изготвување записници.	Директор, испитни комисии	Јуни, август и по потреба	Согласно законските прописи и статутот на училиштето

16.2. Тим на следење, анализа и поддршка

Планирана програмска активност	Време на реализација	Реализатор	Методи и постапки за реализација	Очекувани исходи и ефекти
Следење на оценувањето по предмети	Септември – Јуни	Директор, Стручна служба, Наставници	Следење на педагошката документација, увид во е-дневникот, посети на часови и анализа на оценувањето.	Континуирано следење на примената на критериумите за оценување и унапредување на квалитетот на оценувањето.
Анализа на отстапувања од оценувањето	Ноември, Февруари, Јуни	Директор, Стручна служба, Наставници	Анализа на успехот, споредбени извештаи, состаноци со стручните активи и предлагање мерки.	Навремено идентификување на отстапувањата и преземање мерки за обезбедување објективно оценување.
Поддршка на наставници кои имаат потешкотии во оценувањето	Септември – Јуни	Директор, Стручна служба, Ментори	Индивидуални консултации, советодавна работа, следење на наставната практика и професионална поддршка.	Подобрување на компетенциите на наставниците и унапредување на процесот на оценување.
Поддршка на наставници иноватори	Октомври – Јуни	Директор, Стручна служба, Наставници иноватори	Размена на искуства, промоција на иновативни практики во оценувањето.	Поттикнување и подобрување на квалитетот на наставата и оценувањето.
Жалби и поплаки за оценување	Континуирано, по потреба	Директор, Наставници, Стручна служба	Прием и разгледување на жалби, разговори со засегнатите страни, водење записници.	Транспарентно, правично и законито постапување во процесот на оценување.
Споделување на добра практика	Јуни – Август	Директор, Стручна	Состаноци на стручните активи и	Унапредување на професионалните

Планирана програмска активност	Време на реализација	Реализатор	Методи и постапки за реализација	Очекувани исходи и ефекти
		служба, Наставници	размена на успешни искуства.	компетенции за оценување на наставниците.
Настава и оценување на ученици со попреченост	Септември – Јуни	Директор, Стручна служба, Наставници	Следење на индивидуалните образовни планови, консултации, анализа на напредокот и примена на прилагодени критериуми за оценување.	Објективно и инклузивно оценување, подобрена поддршка и напредок на учениците со попреченост.
Следење на оценувањето кај ментори кај работодавач	Септември – Јуни	Координатор за практична обука, Ментори кај работодавач	Посети кај работодавачите, увид во евиденцијата за оценување, консултации со менторите.	Усогласено и објективно вреднување на постигањата на учениците.
Следење на работата на координаторите за практично образование	Септември – Јуни	Директор, Координатори	Координативни состаноци, анализа на документацијата и следење на реализацијата на практичната настава.	Подобра координација и унапредување на процесот на оценување во практичното образование.
Разгледување на анализа за состојбите со оценувањето	Јуни	Директор, Стручна служба	Сумирање и анализа на податоците за крај на учебната година.	Добивање реална слика со оценувањето и планирање мерки за подобрување во наредната учебна година.

16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Стручните посети претставуваат составен дел од системот за следење, вреднување и унапредување на квалитетот на воспитно-образовната работа во училиштето. Согласно Законот за средното образование и подзаконските акти со кои се уредува следењето и вреднувањето на воспитно-образовниот процес, директорот континуирано ја следи реализацијата на наставата, практичната настава, воннаставните активности и работата на стручната служба, обезбедувајќи професионална поддршка и повратна информација со цел унапредување на квалитетот на наставата и постигањата на учениците.

Област на набљудување	**Тип на активност**	**Одговорно лице**	**Временска рамка**	**Инструмент/метод на вреднување**	**Белешка/коментар**
Настава по општообразовни предмети	Посета на наставни часови	Директор	Септември – јуни (1–2 посети по наставник)	Листа за набљудување, разговор со наставник, извештај	Фокус на планирање, методи на работа, формативно оценување и вклученост на учениците
Настава по стручни предмети	Посета на наставни часови	Директор	Септември – јуни (1–2 посети по наставник)	Листа за набљудување, извештај	Следење на реализацијата на наставните цели, практичната применливост и професионалните компетенции
Практична настава и професионална практика	Посета на часови и работни места кај работодавачи	Директор и раководители на практична настава	Во текот на учебната година	Листа за набљудување, разговор, извештај	Следење на организацијата, безбедноста, стекнувањето практични вештини и соработката со работодавачите
Настава со ученици со ПОП	Следење на реализацијата на ИОП и инклузивните практики	Директор и стручна служба	Континуирано	Листа за набљудување, увид во ИОП, извештај	Следење на примената на индивидуализирана поддршка и инклузивни стратегии

Област на набљудување	**Тип на активност**	**Одговорно лице**	**Временска рамка**	**Инструмент/метод на вреднување**	**Белешка/коментар**
Употреба на ИКТ и современи наставни методи	Посета на наставни часови	Директор и стручна служба	Континуирано	Листа за набљудување	Следење на примената на дигитални алатки, активни методи и интерактивна настава
Воннаставни активности и учество на натпревари	Следење на активности	Директор и стручна служба	Во текот на учебната година	Извештаи, фотографии, разговор	Поттикнување на талентите, креативноста и активното учество на учениците
Работа на стручната служба	Увид во реализацијата на програмите и советодавната работа	Директор и стручна служба	Полугодишно и годишно	Анализа на документација, разговор, извештај	Следење на реализацијата на годишните програми, поддршката на учениците, наставниците и родителите

16.4 Самоевалуација на училиштето

Самоевалуацијата претставува систематски процес преку кој училиштето ја анализира и оценува сопствената работа со цел утврдување на силните страни, слабостите и можностите за унапредување на квалитетот на воспитно-образовниот процес.

Во нашето училиште самоевалуацијата ќе се реализира согласно законските прописи и насоките на Министерството за образование и наука и Државниот просветен инспекторат. Процесот опфаќа прибирање, анализа и интерпретација на податоци за различни аспекти од работата на училиштето, со активно учество на учениците, наставниците, родителите, стручната служба и раководниот кадар. Бидејќи самоевалуацијата е спроведена во 2025 година, а според законските прописи се спроведува на секој две години, во нашето училиште треба да се спроведе во 2027 година.

17. Безбедност во училиштето

Училиштето континуирано презема активности за обезбедување безбедна, сигурна и поддржувачка средина за учење и работа, преку спроведување превентивни мерки,

едукација и соработка со надлежни институции и сите учесници во воспитно-образовниот процес.

Нашето училиште има тим кој изготви и ќе ракува со планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи, во кој план се опфатени голем број на мерки за заштита и начини на справување од природни непогоди и други несреќи и има изработено целосна програма со скици на сите простории во централното и подрачните училишта со што полесно ќе се спроведат мерките за заштита и спасување од непогодите и несреќите. Исто така, во училиштето има и ПП – апарати, како и сандачиња со Прва помош, кои се поставени на видно место, за доколку дојде до несакана ситуација, истите полесно да бидат искористени. Сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес треба во училиштето да се чувствуваат безбедно и сигурно за да можат успешно да ја извршуваат својата работа. Исто така и родителите сакаат нивните деца училиштето да го доживуваат како безбедна средина и да се чувсвуваат пријатно. За таа цел во училиштето постои и видео надзор , има обезбедено физичко обезбедување и дежурни наставници.

Активност/Мерка	**Целна група**	**Временска рамка**	**Одговорни лица / Соработници**	**Начин на спроведување**	**Забелешки**
Изработка и спроведување на програма за лична и колективна заштита	Сите ученици и вработени	Септември	Директор и стручна служба	Работилници и презентации	Се ажурира секоја година
Вежба за евакуација при пожар и земјотрес	Сите ученици и вработени	Два пати годишно	ДЗС и училишен тим	Практична симулација на евакуација	Задолжителна активност
Обука за заштита од природни и други несреќи	Ученици и наставници	Ноември	ДЗС	Предавања и практични вежби	Едукативни материјали
План за евакуација и јавно истакнување на истиот	Сите ученици и вработени	Во текот на целата година	Директор и училишен тим	Поставување планови и информирање	Редовно ажурирање
Обуки за заштита и	Наставници и ученици	По потреба	Црвен крст,ЦУК и други стручни	Теоретска и практична обука	Потврди за учество

Активност/Мерка	Целна група	Временска рамка	Одговорни лица / Соработници	Начин на спроведување	Забелешки
спасување			организации		

18. Грижа за здравјето

18.1. Хигиена во училиштето

Грижата за здравјето и хигиената претставува еден од основните предуслови за успешно реализирање на воспитно-образовниот процес. Создавањето безбедна, чиста и здрава училишна средина придонесува за подобро физичко, психичко и социјално здравје на учениците и вработените, како и за развивање навики за одговорно однесување кон личното и колективното здравје.Во услови на современо образование, училиштето има значајна улога во промовирањето на здрави животни навики, превенцијата од заразни заболувања, заштитата на животната средина и подигнувањето на свеста за значењето на хигиената. Особено значење има континуираното едуцирање на учениците за правилно одржување на личната хигиена, хигиената на работната средина и безбедното користење на училишните простории, лаборатории, кабинети, работилници и училишни површини.Оваа програма се реализира во Средното стручно училиште во кое функционираат здравствена, шумарска и земјоделска струка. Секоја струка има свои специфичности во однос на условите за работа, практичната настава и потребните мерки за заштита на здравјето и одржување на хигиената. Поради тоа, програмата предвидува општи активности за целото училиште, како и посебни активности за секоја струка.

ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Општа цел

Обезбедување здрава, безбедна и хигиенски уредена училишна средина преку организирано следење на хигиената, едукација на учениците и развивање на навики за грижа за сопственото и колективното здравје. Основна цел на програмата е создавање и одржување на здрава, безбедна, хигиенски уредена и стимулативна училишна средина која ќе овозможи квалитетна реализација на воспитно-образовниот процес, правилен психофизички развој на учениците и унапредување на нивната здравствена култура.Преку

планирани и континуирани активности, училиштето настојува да развие свест кај учениците за значењето на личната и колективната хигиена, превенцијата од заболувања, безбедноста при работа и одговорноста кон заедничкиот простор. Особено внимание се посветува на развивањето позитивни навики и однесувања кои ќе придонесат за зачувување на здравјето, како во училиштето така и во секојдневниот живот и идното работно опкружување.

Програмата има за цел да ги поттикне учениците активно да учествуваат во одржувањето на чиста и здрава средина, да ги почитуваат хигиенските стандарди и да покажуваат одговорност при користење на училишниот инвентар, опрема и заеднички простории. Преку соработка помеѓу учениците, наставниците, стручната служба, родителите и локалната заедница се создава систем на заедничка грижа за здравјето и благосостојбата на сите учесници во воспитно-образовниот процес.Во рамките на здравствената, шумарската и земјоделската струка, општата цел е насочена и кон развивање професионални компетенции поврзани со хигиената и безбедноста при работа.

Учениците треба да стекнат знаења и практични вештини за примена на здравствени и хигиенски стандарди во реални работни услови, да ги препознаваат ризиците по здравјето и безбедноста и да применуваат соодветни мерки за заштита на себе, на другите лица и на животната средина.Со реализацијата на оваа програма се очекува подобрување на хигиенските услови во училиштето, јакнење на здравствената и еколошката свест кај учениците, намалување на ризиците по здравјето и создавање училишна култура заснована на одговорност, почитување и грижа за заедничкото добро.

Посебни цели

- Подигнување на свеста кај учениците за значењето на личната и колективната хигиена.
- Намалување на ризикот од појава и ширење на заразни заболувања.
- Развивање навики за одржување на чиста училишна средина.
- Поттикнување одговорно користење на училишниот инвентар и опрема.
- Унапредување на безбедноста при изведување на практичната настава.
- Развивање еколошка свест и одговорност кон животната средина.
- Зајакнување на соработката помеѓу учениците, наставниците, стручната служба и родителите во областа на здравјето и хигиената.

ОРГАНИЗАЦИЈА И СЛЕДЕЊЕ НА ХИГИЕНАТА

Хигиената во училиштето се организира преку систем на редовно чистење, одржување и контрола на сите училишни простории, со цел обезбедување безбедна, здрава и пријатна средина за учење и работа. Организацијата на хигиената претставува

континуиран процес во кој се вклучени директорот, стручната служба, наставниците, хигиеничарите, учениците и останатите вработени во училиштето.Училиштето воспоставува јасна организациска структура за одржување на хигиената преку годишни, месечни и дневни планови за работа. Во рамките на овие планови се утврдуваат обврските на сите субјекти, динамиката на чистење на просториите, начинот на следење на состојбата и постапките за отстранување на евентуално утврдени недостатоци.Редовното чистење и одржување опфаќа секојдневно чистење на училниците, кабинетите, лабораториите, работилниците, административните простории, библиотеката, ходниците, скалиштата и санитарните јазли. Посебно внимание се посветува на просториите во кои се реализира практична настава, бидејќи тие претставуваат работна средина во која учениците стекнуваат професионални компетенции и навики.

Следењето на хигиената се врши преку редовни контроли и увиди од страна на раководството на училиштето, стручната служба и одговорните наставници. При контролите се оценува степенот на чистота на просториите, исправноста и функционалноста на санитарните јазли, достапноста на средства за одржување на личната хигиена, како и почитувањето на утврдените правила од страна на учениците и вработените.Особено внимание се посветува на редовното проветрување на училниците и кабинетите, правилното управување со отпадот, одржувањето на училишниот двор и зелените површини, како и обезбедувањето доволна количина средства за чистење и дезинфекција.

Опфатени простории

- Училници
- Кабинети
- Лаборатории
- Работилници
- Спортска сала
- Санитарни јазли
- Ходници
- Библиотека
- Наставничка канцеларија
- Училишен двор
- Земјоделски површини и оранжерии
- Шумски полигони и расадници

Одговорни лица

Директор

- Го координира спроведувањето на програмата.
- Обезбедува услови и материјални средства.
- Врши увид во реализацијата на планираните активности.

Стручна служба

- Изготвува планови и извештаи.
- Организира предавања и работилници.
- Го следи однесувањето на учениците во однос на хигиенските навики.
- Соработува со здравствени институции.

Наставници

- Водат грижа за хигиената во училниците и кабинетите.
- Реализираат воспитни содржини поврзани со здравјето.
- Ги насочуваат учениците кон одговорно однесување.

Хигиеничари

- Секојдневно чистење и дезинфекција.
- Одржување на санитарните јазли.
- Пријавување на евентуални недостатоци.

Ученици

- Одржување на личната хигиена.
- Грижа за работниот простор.
- Почитување на правилата за безбедност и хигиена.

ПЛАН И ПРОГРАМА ПО СЕКТОРИ

I. ЗДРАВСТВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Цели:

- Развивање професионална култура за хигиена и здравствена заштита.
- Почитување на мерките за заштита од инфекции.

- Развивање свест за значењето на личната и професионалната хигиена во здравствената дејност.
- Оспособување на учениците за правилна употреба на средства за дезинфекција и лична заштита.
- Развивање навики за редовно и правилно одржување на работниот простор, инструментите и медицинската опрема.
- Поттикнување одговорно и совесно однесување при работа со пациенти.
- Запознавање со протоколите за безбедност и здравје при работа во здравствени установи.
- Развивање способности за препознавање и проценка на ризици кои можат да го загрозат здравјето на пациентите и здравствените работници.
- Стекнување практични вештини за правилно миење и дезинфекција на рацете согласно здравствените стандарди.
- Развивање чувство за професионална етика, одговорност и дисциплина при извршување на здравствените процедури.
- Поттикнување тимска работа и соработка во одржувањето на безбедна и хигиенски исправна работна средина.
- Подигнување на свеста за значењето на превенцијата, здравата животна средина и јавното здравје.
- Поттикнување на континуирано унапредување на знаењата за современите хигиенски и здравствени стандарди.
- Изградување професионални навики кои ќе овозможат безбедно и квалитетно извршување на работните задачи во здравствени установи и институции.

Активност/Област:	Простор/Објект	Одговорни лица	Временска рамка
Работилница: Правилно миење и дезинфекција на раце (Медицински сестри)	Кабинет за здравствена нега	Стручни наставници, медицински сестри-наставници	Септември
Едукативно предавање: Превенција и контрола на инфекции во здравствени установи (Медицински сестри)	Училница / кабинет	Стручни наставници, стручна служба	Ноември	Извештај од реализирана активност, дискусија	Поврзано со практична настава
Одбележување на Светскиот ден на здравјето – изработка на	Хол на училиштет	Ученици, наставници,	Април	Фото-документација, извешт

паноа и презентации (Медицински сестри)	о	стручна служба			
Работилница: Безбедно ракување и чување на лекови (Фармацевтски техничари)	Фармацевтска лабораторија	Стручни наставници	Октомври	Набљудување и проверка на практични вештини	Практична работа
Едукација за хигиенски стандарди при подготовка и издавање на фармацевтски препарати (Фармацевтски техничари)	Фармацевтска лабораторија	Наставници по стручни предмети	Февруари	Контролна листа, увид во работа	Поврзано со професионални стандарди
Работилница: Селектирање и правилно отстранување на фармацевтски и медицински отпад (Фарм.техничари)	Лабораторија / училница	Стручни наставници, стручна служба	Мај	Извештај од активноста и практична проверка	Активност за заштита на здравјето и животната средина

ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ – ЗДРАВСТВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Со реализацијата на планираните активности се очекува учениците од здравствената струка да ги унапредат своите знаења и практични вештини поврзани со личната и професионалната хигиена, заштитата на здравјето и безбедното извршување на здравствените процедури. Преку едукативни и практични активности учениците ќе развијат чувство на професионална одговорност, дисциплина и почитување на здравствените стандарди кои се неопходни за работа во здравствени установи.

Очекувани резултати:

- Подобрени знаења за лична и професионална хигиена.
- Правилна примена на асептични и антисептични постапки.
- Развиени навики за безбедно ракување со медицинска опрема и материјали.
- Подобрена свест за превенција и контрола на инфекции.
- Правилно постапување со медицински отпад.
- Развиено чувство за професионална етика и одговорност.

- Подготвеност за примена на стекнатите знаења во практичната настава и идната професија.

II. ЗЕМЈОДЕЛСТВО, РИБАРСТВО И ВЕТЕРИНАРСТВО

Цели:

- Одржување хигиена при работа со земјоделски култури.
- Заштита на здравјето при користење земјоделска механизација.
- Развивање свест за безбедна храна и здрава животна средина.
- Развивање навики за лична хигиена при изведување на практична настава во земјоделски услови.
- Стекнување знаења за одржување на хигиената на работните површини, алатите и земјоделската механизација.
- Поттикнување одговорно користење на лична заштитна опрема при работа на нива, во оранжерии и во економијата на училиштето.
- Развивање свест за значењето на безбедното производство и складирање на земјоделски производи.
- Стекнување знаења за превенција од професионални повреди и заболувања при работа во земјоделството.
- Оспособување на учениците за препознавање и избегнување на ризици поврзани со работа на отворен простор и во различни временски услови.
- Развивање одговорен однос кон правилното користење и одржување на земјоделската механизација и опрема.
- Подигнување на свеста за значењето на чистата вода, почвата и воздухот во процесот на земјоделско производство.
- Развивање навики за правилно собирање, селектирање и отстранување на отпадот што настанува при земјоделските активности.
- Поттикнување еколошка свест и одговорност кон зачувувањето на природните ресурси.
- Стекнување знаења за безбедно ракување и чување на средства за заштита на растенијата и други земјоделски препарати.
- Развивање свест за важноста на хигиенските стандарди во производството на здрава и безбедна храна.
- Поттикнување примена на добри земјоделски практики во согласност со принципите на одржливо земјоделство.
- Развивање чувство за дисциплина, одговорност и професионалност при извршување на практичните работни задачи.
- Оспособување на учениците за примена на мерки за заштита на сопственото здравје и здравјето на другите лица во работната средина.

- Развивање навики за редовно одржување на хигиената во оранжериите, расадниците, складиштата и останатите земјоделски објекти.
- Подготовка на учениците за безбедно и одговорно работење во современи земјоделски стопанства и агробизнис средини.

Активност/Област	Простор/Објект	Одговорни лица	Временска рамка	Начин на контрола	Забелешки
Работилница: Лична хигиена и безбедност при работа во земјоделското производство (Земјоделски техничари)	Училишна економија, училница	Стручни наставници	Септември	Набљудување и евидентен лист	Практична и теоретска активност
Предавање: Безбедно производство и складирање на земјоделски производи (Агроменаџмент)	Училница	Наставници по стручни предмети	Октомври	Дискусија и извештај	Поврзано со квалитет на производството
Обука за правилно користење на земјоделска механизација и заштитна опрема (Земјоделски техничари)	Училишен двор, економија	Стручни наставници	Ноември	Практична демонстрација и увид	Активност за безбедност при работа
Работилница: Управување со отпад и заштита на животната средина во агробизнисот (Агроменаџмент	Училница / училишен двор	Стручни наставници, стручна служба	Март	Набљудување и извештај	Развивање еколошка свест
Акција за уредување и одржување на оранжерии и земјоделски површини (Земјоделски техничари)	Оранжерии и училишна економија	Наставници и ученици	Април	Фото-документација и извештај	Еколошка активност
Одбележување на Денот на планетата Земја преку едукативна кампања и изложба (Агроменаџмент)	Хол на училиштето	Ученици, наставници, стручна служба	Април	Фото-документација и извештај	Воннастав на актив

ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ – ЗЕМЈОДЕЛСТВО, РИБАРСТВО И ВЕТЕРИНАРСТВО

Со реализацијата на активностите се очекува учениците од секторот земјоделство, рибарство и ветеринарство да развијат поголема свест за значењето на хигиената, безбедноста при работа и заштитата на животната средина во процесот на земјоделско производство. Учениците ќе стекнат практични знаења и навики за безбедно користење на механизацијата, правилно одржување на работниот простор и примена на добри земјоделски практики.

Очекувани резултати:

- Подобрени навики за лична и работна хигиена.
- Правилно користење на заштитна опрема и земјоделска механизација.
- Подобрена безбедност при практична работа.
- Развиена свест за производство на безбедна и квалитетна храна.
- Одговорно користење на природните ресурси.
- Подобрена грижа за чистотата на земјоделските површини и објекти.
- Развиена еколошка свест и одговорност кон животната средина.

III. ШУМАРСТВО И ОБРАБОТКА НА ДРВО

Цели:

- Заштита на здравјето при работа на терен.
- Развивање навики за лична заштита во природа.
- Подигање на свеста за здрава животна средина.
- Развивање одговорен однос кон сопственото здравје и безбедност при изведување на практичната настава на терен.
- Стекнување знаења за правилна употреба на лична заштитна опрема при работа во шума и природна средина.
- Поттикнување навики за одржување на личната хигиена пред, за време и по завршување на теренските активности.
- Оспособување на учениците за препознавање и избегнување на ризици поврзани со работа во шумски предели и природни живеалишта.
- Развивање способности за правилно реагирање во случај на повреди, каснувања од инсекти, крлежи или други непредвидени ситуации на терен.
- Подигнување на свеста за значењето на чистата и здрава животна средина за здравјето на луѓето и природата.
- Развивање навики за одговорно однесување во природата и почитување на правилата за заштита на шумите.

- Стекнување знаења за правилно ракување и одржување на шумарската опрема и алати.
- Оспособување на учениците за безбедно изведување на практични работни задачи во различни временски и теренски услови.
- Поттикнување правилно постапување со отпадот и негово селектирање при теренска работа.
- Развивање чувство за професионална дисциплина, одговорност и тимска работа во извршувањето на работните задачи.

Активност/Област	Простор/ Објект	Одговорни лица	Временска рамка	Начин на контрола	Забелешки
Работилница: Лична хигиена и безбедност при работа во шумарството и дрвната индустрија	Училница / кабинет	Стручни наставници	Септември	Набљудување и евидентен лист	Теоретска и практична активност
Обука за правилно користење на лична заштитна опрема при теренска работа	Училишен двор / шумски полигон	Стручни наставници	Октомври	Практична демонстрација	Активност за безбедност при работа
Предавање: Заштита од каснување од инсекти, крлежи и други ризици во природа	Училница	Стручни наставници, стручна служба	Ноември	Извештај и дискусија	Превентивна активност
Еколошка акција за чистење и уредување на шумски локалитет или училишен двор	Шумски полигон / училишен двор	Наставници и ученици	Март	Фото-документација и извештај	Еколошка активност
Одбележување на Меѓународниот ден на шумите преку презентации и изработка на едукативни материјали	Хол на училиштето	Ученици, наставници, стручна служба	Март	Изложени материјали и извештај	Воннаставна активност
Акција за пошумување и подигнување на свеста за заштита на шумите и животната средина	Шумски расадник / терен	Наставници, ученици, локални институции	Април	Извештај и фото-документација	Практична и еколошка активност

ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ – ШУМАРССТВО И ОБРАБОТКА НА ДРВО

Со реализацијата на планираните активности се очекува учениците од секторот шумарство и обработка на дрвото да стекнат знаења и вештини за безбедно работење во природна

средина, правилна примена на мерките за заштита на здравјето и одговорно однесување кон природните ресурси. Преку практична работа и еколошки активности учениците ќе развијат позитивен однос кон шумите, животната средина и професионалните обврски кои ги носи професијата.

Очекувани резултати:

- Правилно користење на лична заштитна опрема.
- Подобрена безбедност при теренска и практична работа.
- Намален ризик од повреди и несакани ситуации.
- Подобрени навики за лична хигиена при работа на терен.
- Развиена способност за препознавање и избегнување ризици во природна средина.
- Подигната свест за превенција од шумски пожари.
- Развиена еколошка култура и одговорен однос кон шумите и природните ресурси.
- Подготвеност за безбедно и професионално работење во шумарскиот сектор.

ЕВАЛУАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Евалуацијата на програмата ќе се реализира континуирано во текот на учебната година со цел следење на степенот на реализација на планираните активности, постигнатите резултати и нивното влијание врз здравствената култура и хигиенските навики на учениците.

Следењето и вреднувањето на програмата ќе се врши преку:

- непосредно следење на реализацијата на планираните активности;
- увид во педагошката документација и евиденцијата за реализирани активности;
- набљудување на однесувањето и хигиенските навики на учениците;
- извештаи од наставниците, класните раководители и стручната служба;
- разговори и консултации со учениците;
Прогамата со својот тематски опфат, ќе даде можност **компаниите да се вклучат во образовиот процес**, со цел да ги **доближат реалните потреби на пазарот на труд** до образованието. Спојување на теоретската и практичната настава со оваа програма на ВВ Тиквеш, ќе оспособи стручни профили од земјоделската струка, кои ќе бидат идните професионалци во својата работа и кои кариерата, доколку сакаат, после матурирањето би можеле да ја започнат во ВВ Тиквеш, или во некоја друга организација или пак да продолжат со своето образование.

ВВ ТИКВЕШ

Програма за средношколци

СОЗШУ „Ѓорче Петров" Кавадарци

Оваа програма за развој на меките и деловните вештини на учениците од средното училиште е дизајнирана со цел учениците **да ги запознаат и усвојат неопходните вештини** кои ќе им бидат **потребни во иднина при нивното вработување** во некоја организација или институција и да им овозможат нивно **полесно вклопување во работниот процес** и организациската култура.

Програмата е развиена користејќи ги најновите сознанија во оваа област од високо развиените земји во светот, Америка, Австралија и др. **Програмата е практична** и апликативна, нуди не само теориско знаење, туку и можности тоа знаење учениците да го претворат во конкретно работно искуство преку практична работа во ВВ Тиквеш на одредени проекти, структурирани дискусии, вежби и интерактивни активности, работа во мали групи, случаи за разгледување, работилници, кратки мотивациски обраќања на раководители од ВВ Тиквеш, како и менторски пристап, кој ќе биде взаемно договорен и усогласен со наставниот кадар во СОЗШУ „Ѓорче Петров" Кавадарци.

Обуката ќе им овозможи на учениците од средното училиште да добијат вистински сет на вештини за вработување, како што се **позитивни работни навики**, добри **комуникациски вештини, способност за тимска работа и способност да решаваат проблеми, позитивен став, ентузијазам и приспособливост**.

Исто така, обуката ќе влијае на **зголемување на вработливоста** на средношколците, кои по завршување на средното училиште ќе сакаат да ја реализираат својата кариера во некоја компанија или институција, да бидат во состојба да изградат професионални контакти и да се вмрежуваат, да знаат како најдобро да се подготоват за интервју за

работа, да изработат професионално CV, да бидат добри во самопрезентација пред работодавачите за да ги претстават своите квалитети и воедно активно да учествуваат и да го планираат сопствениот понатамошен развој во кариерата.
На тој начин програмата која ќе биде дел од еден **активен процес на учење**, во кои учениците ќе бидат поттикнати да **превземаат одговорност** за крајните резултати што ќе ги постигнат во овој процес, односно тие ќе бидат **охрабрени да** бидат љубопитни, **самоинцијативни**, претприемачи по дух, да станат едни од оние што ќе се вложат и ќе работат вредно за да го реализираат својот животен сон, придонесувајќи притоа и кон **општото добро** на поширокатa заедница и на општеството

- **ТЕМИ ОПФАТЕНИ СО ПРОГРАМАТА за практичната настава**

Програмата е структурирана во неколку модули, кои ќе се одржуваат еднаш месечно во траење од 4 часа (од 10-14 часот) во просториите на ВВ Тиквеш во салата за состаноци, која располага со современа опрема за изведување на истата.
1. Фактори за успех во деловно окружување (една средба 4 часа)
2. Определување на моите цели и себеспознавање (една средба 4 часа)
3. Ефективна деловна комуникација (една средба 4 часа)
4. Презентациски вештини (една средба 4 часа)
5. Работа во тимови и методи за тимска работа во организациите (една средба 4 часа)
6. Управување со време (една средба 4 часа)

Се вкупно 6 средби и Изработка на проектна задача = 24 часа
Како предавачи во програмата ќе бидат вклучени раководители од ВВ Тиквеш со долгогодишно искуство, претставници од ХР на ВВ Тиквеш, стручни соработници, експерти, како и гости спикери.
Прогамата со својот тематски опфат, ќе даде можност **компаниите да се вклучат во образовиот процес**, со цел да ги **доближат реалните потреби на пазарот на труд** до образованието. Спојување на теоретската и практичната настава со оваа програма на ВВ Тиквеш, ќе оспособи стручни профили од земјоделската струка, кои ќе бидат идните професионалци во својата работа и кои кариерата, доколку сакаат, после матурирањето би можеле да ја започнат во ВВ Тиквеш, или во некоја друга организација или пак да продолжат со своето образование.

Ден	Датум	Активност	Број на ученици	Одговорен наставник
Среда	08.10.2025	Едукација: Green testing program - остатоци од пестициди и нивното значење за квалитетот на тутунот	25	Оливера Гркова
Среда	21.01.2026	Планирање на откуп,процес на откуп,откупни класи,рекласација со интерни класи,процес на ферментација во одредени периоди	25	Оливера Гркова
Среда	11.02.2026	Процес на контрола на влага и песок на откупен тутун,причина за појава на мувла, температурните услови при понатамошната ферментација на тутунот	25	Оливера Гркова
Среда	08.04.2026	Производство на индустриски класи, блендирање и соодветно отстранување на страни примеси,	25	Оливера Гркова
Среда	06.05.2026	Обработка и машинско третирање на тутунот,кондиционирање и сушење на тутунот и пакување како финален производ	25	Оливера Гркова
Среда	27.05.2026	Извоз,амбиентални услови за појава на молец и тутунска болва,фумигација	25	Оливера Гркова

Прилог 26

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА АСИСТЕНТИ, МЕДИЈАТОРИ И ТУТОРИ
СОЗШУ „Ѓорче Петров“ – Кавадарци
Учебна 2026/2027 година

ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Програмата има за цел да обезбеди дополнителна поддршка за учениците на кои им е потребна помош во процесот на учење, комуникација, социјална инклузија и активно учество во воспитно-образовниот процес. Асистентите, медијаторите и туторите работат во соработка со наставниците, стручната служба, родителите и надворешните институции со цел создавање еднакви можности за напредување и успешно образование на секој ученик.

ПЛАН НА АКТИВНОСТИ

Активност	Време на реализација	Одговорни лица	Очекуван резултат
Запознавање со потребите на учениците и планирање на поддршката	Септември	Асистент, медијатор или тутор, стручна служба	Изготвен план за поддршка
Соработка со наставниците и класните раководители	Континуирано	Асистент, медијатор или тутор	Координирана поддршка на ученикот
Поддршка на ученикот во наставниот процес	Во текот на учебната година	Асистент или тутор	Подобрено учество и напредок
Поттикнување на социјална интеграција и комуникација со врсниците	Континуирано	Асистент, медијатор	Подобрена социјална вклученост
Соработка со родители и обезбедување повратни информации	Континуирано	Асистент, медијатор, тутор	Подобрена комуникација со семејството
Учество во активности на Училишниот инклузивен тим	По потреба	Асистент, медијатор, тутор	Усогласено делување на сите чинители
Следење на напредокот и водење евиденција	Континуирано	Асистент, медијатор, тутор	Документиран напредок на ученикот
Подготовка на извештај за реализираните активности	Полугодишно и годишно	Асистент, медијатор, тутор	Изготвен извештај за поддршката

ПОТРЕБНИ РЕСУРСИ

- Индивидуални планови за поддршка;
- Наставни и дидактички материјали;
- Компјутер и интернет пристап;
- Простор за индивидуална работа;
- Поддршка од Училишниот инклузивен тим и стручната служба.

ЕВАЛУАЦИЈА

Евалуацијата ќе се врши преку следење на напредокот на учениците, анализа на реализираните активности, консултации со наставниците и родителите, како и преку полугодишни и годишни извештаи за обезбедената поддршка.

Напомена: Оваа програма ќе се применува во случаи кога во училиштето ќе бидат ангажирани образовни асистенти, медијатори или тутори согласно потребите на учениците и важечката законска регулатива. Во тој случај секој од ангажираните лица ќе ја достави сопствената програма за работа.

Прилог 27

Програма за
Соработка со родители, социјални служби и невладини организации

Училиштето остварува континуирана и успешна соработка со родителите, социјалните служби и невладините организации со цел обезбедување квалитетна поддршка за учениците со попреченост. Соработката со родителите се реализира преку редовни родителски средби, индивидуални разговори и консултации за следење на напредокот и потребите на учениците.

Социјалните служби обезбедуваат стручна помош и поддршка при решавање на социјални, образовни и семејни прашања поврзани со учениците. Тие активно учествуваат во планирањето и спроведувањето на мерки за подобрување на благосостојбата на учениците.

Невладините организации придонесуваат преку организирање работилници, обуки, проекти и различни активности кои ја поттикнуваат инклузијата, развојот на животни вештини и активното учество на учениците во училишниот и општествениот живот. Преку оваа соработка се создава позитивна и поддржувачка средина за успешен развој и образование на сите ученици.

Прилог 28

Во согласност со програмата на БРО што ја реализира училишниот психолог во училиштето, доколку има потреба, раководителот на паралелка го повикува на советување родителот/старателот соодветно според проблемот на ученикот со покана упатена преку телефон или по пошта со уредна достава, најмалку осум дена пред закажаниот датум за советување. При тоа ги користи поканите и обрасците од *Службен весник бр. 160.*

МЕСЕЧЕН И НЕДЕЛЕН ПЛАН ЗА СОВЕТУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИ/СТАРАТЕЛИ ВО СОЗШУ„ЃОРЧЕ ПЕТРОВ"- КАВАДАРЦИ ВО УЧЕБНАТА 2026-2027 ГОДИНА

СЕПТЕМВРИ - ОКТОМВРИ

Советувањето на родители/старатели во текот на месеците септември и октомври се реализира индивидуално од страна на училишниот психолог во неговата канцеларија.

За потребите на индивидулните советувања на родителите/старателите училишниот психолог работи секој работен петок од понеделник до петок од 10:00 ч. до 12:00 ч.

НОЕМВРИ - ДЕКЕМВРИ

(групно советување)

На 27 ноември 2026 година со почеток во 11 часот ќе се одржи групно советување за родители/старатели (прва средба) на ученици кои имаат намален успех во учењето за овој период од оваа учебна година.

На 11 декември 2026 година со почеток во 11 часот ќе се одржи групно советување со истите родители/старатели (втора средба) .

На 27 ноември 2026 година со почеток во 12 часот ќе се одржи групно советување за родители/старатели (прва средба) на ученици кои нередовно ја посетуваат наставата за овој период од оваа учебна година.

На 11 декември 2026 година со почеток во 12 часот ќе се одржи групно советување со истите родители/старатели (втора средба) .

На 27 ноември 2026 година со почеток во 13 часот ќе се одржи групно советување за родители/старатели (прва средба) на ученици кои имаат слаб успех, покажуваат недисциплина и несоодветно однесување, како и ученици кои нередовно ја посетуваат наставата за овој период од оваа учебна година.

На 11 декември 2026 година со почеток во 13 часот ќе се одржи групно советување со истите родители/старатели (втора средба) .

ЈАНУАРИ

Советувањето на родители/старатели во текот на месец јануари се реализира индивидуално од страна на училишниот психолог во неговата канцеларија.

За потребите на индивидулните советувања на родителите/старателите училишниот психолог работи секој работен петок од 10:00 ч. до 12:00 ч.

ФЕВРУАРИ

(групно советување)

На 12 февруари 2027 година со почеток во 11 часот ќе се одржи групно советување за родители/старатели (прва средба) на ученици кои имаат намален успех во учењето за овој период од оваа учебна година.

На 19 февруари 2027 година со почеток во 11 часот ќе се одржи групно советување со истите родители/старатели (втора средба) .

На 12 февруари 2027 година со почеток во 12 часот ќе се одржи групно советување за родители/старатели (прва средба) на ученици кои нередовно ја посетуваат наставата за овој период од оваа учебна година.

На 19 февруари 2027 година со почеток во 12 часот ќе се одржи групно советување со истите родители/старатели (втора средба) .

На 12 февруари 2027 година со почеток во 13 часот ќе се одржи групно советување за родители/старатели (прва средба) на ученици кои имаат слаб успех, покажуваат недисциплина и несоодветно однесување, како и ученици кои нередовно ја посетуваат наставата за овој период од оваа учебна година.

На 19 февруари 2027 година со почеток во 13 часот ќе се одржи групно советување со истите родители/старатели (втора средба) .

МАРТ

Советувањето на родители/старатели во текот на месец март се реализира индивидуално од страна на училишниот психолог во неговата канцеларија.

За потребите на индивидулните советувања на родителите/ старателите училишниот психолог работи секој работен петок од 10:00 ч. до 12:00 ч.

АПРИЛ - МАЈ

(групно советување)

На 23 април 2027 година со почеток во 11 часот ќе се одржи групно советување за родители/старатели (прва средба) на ученици кои имаат намален успех во учењето за овој период од оваа учебна година.

На 07 мај 2027 година со почеток во 11 часот ќе се одржи групно советување со истите родители/старатели (втора средба) .

На 23 април 2027 година со почеток во 12 часот ќе се одржи групно советување за родители/старатели (прва средба) на ученици кои нередовно ја посетуваат наставата за овој период од оваа учебна година.

На 07 мај 2027 година со почеток во 12 часот ќе се одржи групно советување со истите родители/старатели (втора средба) .

На 23 април 2027 година со почеток во 13 часот ќе се одржи групно советување за родители/старатели (прва средба) на ученици кои имаат слаб успех, покажуваат недисциплина и несоодветно однесување, како и ученици кои нередовно ја посетуваат наставата за овој период од оваа учебна година.

На 07 мај 2027 година со почеток во 13 часот ќе се одржи групно советување со истите родители/старатели (втора средба) .

ЈУНИ

Советувањето на родители/старатели во текот на месец јуни се реализира индивидуално од страна на училишниот психолог во неговата канцеларија.

За потребите на индивидулните советувања на родителите/ старателите училишниот психолог работи секој работен петок од 10:00 ч. до 12:00 ч.

<u>Напомена:</u> Во зависност од потребите на родителите/старателите или од други непредвидени причини датумите кои се закажани за советување на родители/старатели може да претрпат делумни измени.

Паралелно на советувањето на родителот/старателот, раководителите на паралелки се обврзани да ги упатат на советување кај училишниот психолог и учениците, соодветно

според проблемот за советување. За таа цел треба за секој од учениците кој е упатен на советување да се пополни Прилог бр. 1 од *Службен весник бр. 160* и да се достави кај училишниот психолог.

МЕСЕЧЕН И НЕДЕЛЕН ПЛАН ЗА СОВЕТУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ ВО СОЗШУ„ЃОРЧЕ ПЕТРОВ"- КАВАДАРЦИ ВО УЧЕБНАТА 2026-2027 ГОДИНА

СЕПТЕМВРИ - ОКТОМВРИ

Советувањето на ученици во текот на месеците септември и октомври се реализира индивидуално од страна на училишниот психолог во неговата канцеларија.

За потребите на индивидулните советувања на учениците училишниот психолог работи во термин закажан во договор со ученикот.

НОЕМВРИ - ДЕКЕМВРИ

(групно советување)

Во текот на месеците ноември и декември 2026 година, после групните советувања на родителите/старателите ќе се одржи советување на ученици поделени во групни во зависност од проблемот за кој се повикани на советување и тоа:

1. ученици кои имаат намален успех во учењето за овој период од оваа учебна година;

2. ученици кои нередовно ја посетуваат наставата за овој период од оваа учебна година;

3. ученици кои покажуваат недисциплина и несоодветно однесување за овој период од оваа учебна година.

Советувањето на ученици во групи ќе се реализира во периодот од 15 декември 2026 година до 22 декември 2026 година од страна на училишниот психолог.

ЈАНУАРИ

Советувањето на ученици во текот на месец јануари се реализира индивидуално од страна на училишниот психолог во неговата канцеларија.

За потребите на индивидулните советувања на учениците училишниот психолог работи во термин закажан во договор со ученикот.

ФЕВРУАРИ

(групно советување)

Во текот на месец февруари 2027 година, после групните советувања на родители/старатели ќе се одржи советување на ученици поделени во групни во зависност од проблемот за кој се повикани на советување и тоа:

1. ученици кои имаат намален успех во учењето за овој период од оваа учебна година;

2. ученици кои нередовно ја посетуваат наставата за овој период од оваа учебна година;

3. ученици кои покажуваат недисциплина и несоодветно однесување за овој период од оваа учебна година.

Советувањето на ученици во групи ќе се реализира во периодот од 15 февруари 2027 година до 19 февруари 2027 година од страна на училишниот психолог.

МАРТ

Советувањето на ученици во текот на месец март се реализира индивидуално од страна на училишниот психолог во неговата канцеларија.

За потребите на индивидулните советувања на учениците училишниот психолог работи во термин закажан во договор со ученикот.

АПРИЛ - МАЈ

(групно советување)

Во текот на месеците април и мај 2027 година, после групните советувања на родители/старатели ќе се одржи советување на ученици поделени во групни во зависност од проблемот за кој се повикани на советување и тоа:

1. ученици кои имаат намален успех во учењето за овој период од оваа учебна година;

2. ученици кои нередовно ја посетуваат наставата за овој период од оваа учебна година;

3. ученици кои покажуваат недисциплина и несоодветно однесување за овој период од оваа учебна година.

Советувањето на ученици во групи ќе се реализира во периодот од 11 мај 2027 година до 14 мај 2027 година од страна на училишниот психолог.

ЈУНИ

Советувањето на ученици во текот на месец јуни се реализира индивидуално од страна на училишниот психолог во неговата канцеларија.

За потребите на индивидулните советувања на учениците училишниот психолог работи во термин закажан во договор со ученикот.

Напомена: **Во зависност од потребите на учениците или од други непредвидени причини датумите кои се закажани за советување на учениците може да претрпат делумни измени.**

Изготвил:

училишен психолог,
Валентина Мукаетов

Прилог 29

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА СО НАДАРЕНИ И ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ

Во СОЗШУ „Ѓорче Петров" – Кавадарци за учебната 2026/2027 година

1. Цел на програмата

Целта на Програмата е навремена идентификација, следење и поттикнување на надарените и талентираните ученици преку создавање услови за развој на нивните способности, креативност, истражувачки потенцијал и професионални компетенции. Програмата придонесува за афирмација на ученичките постигнувања и за подготовка на учениците за учество на натпревари, проекти и други форми на промоција на знаењето.

2. Тим за работа со надарени и талентирани ученици

Во училиштето функционира **Тим за работа со надарени и талентирани ученици**, составен од:

- педагог;
- психолог;
- специјален едукатор и рехабилитатор;
- библиотекар;
- наставници од општообразовните и стручните предмети;
- директор (координативна и поддржувачка улога).

Тимот ја планира, координира, реализира и евалуира работата со надарените и талентираните ученици.

3. Идентификација на надарени и талентирани ученици

Идентификацијата ќе се врши врз основа на:

- успехот во наставата;
- резултатите од натпревари, олимпијади и други манифестации;
- препораките од наставниците и класните раководители;
- покажаните интереси, способности и креативност;
- учество во проекти, истражувачки активности и практична настава.

Посебно внимание ќе се посвети на учениците кои покажуваат талент во областите на **шумарството, обработката на дрво, здравството и социјалната заштита (фармацевтски техничар и медицинска сестра), електротехниката,**

информатиката, природните науки, спортот и уметноста, согласно образовните профили застапени во училиштето.

4. Активности

Ред. бр.	Активност	Време на реализација	Носител	Очекуван резултат
1	Формирање Тим за работа со надарени и талентирани ученици	Септември	Директор	Формиран тим и усвоена програма за работа
2	Идентификација на надарени и талентирани ученици	Септември – октомври	Тим, наставници	Евиденција на ученици со посебни способности
3	Изработка на план за поддршка	Октомври	Тим	Планирани активности за развој на потенцијалите
4	Додатна настава и менторска работа	Во текот на годината	Предметни наставници	Продлабочени знаења и вештини
5	Подготовка за натпревари, олимпијади и стручни манифестации	Ноември – мај	Наставници – ментори	Успешно учество и освоени признанија
6	Вклучување во проекти, практична настава, истражувачки активности и работилници	Континуирано	Наставници, координатори	Развиени креативни и истражувачки компетенции
7	Промоција на ученичките достигнувања	Континуирано	Стручна служба, библиотекар	Афирмација и мотивација на учениците
8	Следење, евидентирање и евалуација на постигнувањата	Континуирано; јануари и јуни	Тим	Анализа на резултатите и препораки за понатамошен развој

5. Следење и евалуација

Тимот континуирано ќе води евиденција за идентификуваните ученици, нивното учество и постигнатите резултати. На крајот од првото полугодие и на крајот од учебната година ќе се изготви анализа на реализираните активности и ќе се дадат препораки за понатамошно унапредување на работата со надарените и талентираните ученици.

Напомена: Програмата може да претрпи измени и дополнувања во текот на учебната година, во зависност од потребите на учениците, насоките и препораките на Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието и другите надлежни институции

Образец за евиденција на идентификуваните надарени и талентирани ученици

НАДАРЕНИ И ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ
ПАРАЛЕЛКА_____ОБРАЗОВЕН ПРОФИЛ_____

име и презиме на ученикот	предмет	предмет	предмет	предмет	предмет	предмет	предмет	предмет	предмет	предмет

Извештај од спроведените активности за надарените и талентирани ученици

Учебна година____ _____
Клас_____
Дата на одржаните активности_____
Наставен предмет_____
Наставник_____ _____
Наставни содржини
_____
_____
_____
_____
_____
_____

_____
_____
Цели_____
_____
_____
_____
Број на планирани часови_____

Број на одржани часови_____

Присутни ученици

1. _____
2. _____
3. _____
4. _____
5. _____
6. _____
7. _____
8. _____
9. _____
10. _____

Рефлексија од спроведените активности

_____
_____
_____
_____
_____
_____
_____
_____
_____

Прилог 30

ПРОГРАМА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД ВРСНИЧКО НАСИЛСТВО

во СОЗШУ „Ѓорче Петров" – Кавадарци за учебната 2026/2027 година

Цел

Програмата има за цел превенција на врсничкото насилство и создавање безбедна, поттикнувачка и инклузивна училишна средина преку развивање култура на почитување, толеранција, ненасилна комуникација и одговорно однесување.

Реализатори

Програмата ја реализираат психологот, педагогот, специјалниот едукатор и рехабилитатор, класните раководители, наставниците, директорот и надворешни соработници (МВР, Центар за социјална работа, Црвен крст и здравствени установи).

Начин на реализација

Активностите ќе се реализираат преку работилници, предавања, класни часови, советувалишна работа, индивидуални и групни разговори, кампањи и соработка со родителите и релевантните институции. Учениците ќе бидат вклучувани преку препорака од класните раководители и стручната служба или со доброволно учество.

План на активности

Активност	Време	Реализатори	Очекуван резултат
Изработка на план за превентивни активности	Септември	Психолог, педагог	Усвоен план
Работилници за ненасилна комуникација и превенција на врсничко насилство	Октомври – ноември	Психолог, педагог, класни раководители	Подобрени комуникациски вештини
Предавање за сајбер-насилство и безбедно користење на интернет	Ноември	Психолог, МВР	Подигната свест за дигиталната безбедност
Индивидуални и групни советувања	Континуирано	Психолог, педагог	Навремена поддршка на учениците
Родителски средби и едукативни предавања	Во текот на годината	Психолог, педагог	Зајакната соработка со родителите
Следење и анализа на состојбата	Континуирано	Стручна служба	Навремено преземање мерки
Евалуација на програмата	Мај – јуни	Тим за превенција	Извештај со препораки

Постапување и евалуација

При појава на врсничко насилство училиштето постапува согласно законската регулатива, националните протоколи и интерните процедури. Реализацијата на Програмата ќе се следи преку евиденции, анкети, извештаи и анализа на состојбите, а резултатите ќе се користат за планирање на идни превентивни активности.

Напомена: Програмата може да претрпи измени и дополнувања во текот на учебната година, во зависност од потребите на учениците, насоките и препораките на Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието и другите надлежни институции.

Прилог 31

ПРОГРАМА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА И ГОВОР НА ОМРАЗА

во СОЗШУ „Ѓорче Петров“ – Кавадарци за учебната 2026/2027 година

Цел

Програмата има за цел развивање култура на еднаквост, почитување на човековите права, различностите и достоинството на секој ученик, како и превенција од сите облици на дискриминација, нетолеранција и говор на омраза во училиштето.

Реализатори

Програмата ја реализираат психологот, педагогот, специјалниот едукатор и рехабилитатор, класните раководители, наставниците, директорот, Тимот за училишна интеграција и, по потреба, претставници од надлежни институции и граѓански организации.

Начин на реализација

Активностите ќе се реализираат преку работилници, интерактивни предавања, класни часови, дебати, кампањи, советувалишна работа и одбележување на значајни датуми. Учениците ќе бидат вклучувани преку класните раководители, стручната служба и доброволно учество, со можност за индивидуална и групна работа.

План на активности

Активност	Време	Реализатори	Очекуван резултат
Изработка на план за активности за превенција од дискриминација и говор на омраза	Септември	Психолог, педагог	Усвоен план за реализација
Работилници за почитување на различностите, еднаквоста и човековите права	Октомври – ноември	Психолог, педагог, класни раководители	Развиени ставови за толеранција и меѓусебно почитување
Одбележување на Меѓународниот ден на толеранцијата и други значајни датуми	Ноември и март	Наставници, Ученички совет	Подигната свест за недискриминација и инклузија
Предавања и дебати за препознавање и спречување на говорот на омраза, вклучително и на интернет	Јануари – февруари	Психолог, наставници, надворешни соработници	Подобрена информираност и одговорно однесување
Индивидуални и групни советувања со ученици	Континуирано	Психолог, педагог	Навремена поддршка и превенција на дискриминаторско

Активност	Време	Реализатори	Очекуван резултат
			однесување
Следење на состојбата и евалуација на реализираните активности	Континуирано; мај – јуни	Стручна служба	Извештај со препораки за унапредување на училишната клима

Постапување и евалуација

При појава на дискриминација или говор на омраза училиштето постапува согласно законската регулатива, интерните акти и протоколите за заштита на учениците. Реализацијата на Програмата ќе се следи преку евиденција на активностите, анкети, разговори, извештаи и анализа на состојбите, а резултатите ќе се користат за планирање на идните превентивни активности.

Напомена: Програмата може да претрпи измени и дополнувања во текот на учебната година, во зависност од потребите на учениците, насоките и препораките на Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието и другите надлежни институции.

Прилог 32

ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА ОД ЗЛОУПОТРЕБА НА ПСИХОАКТИВНИ СУПСТАНЦИИ

во СОЗШУ „Ѓорче Петров" – Кавадарци за учебната 2026/2027 година

Цел

Програмата има за цел превенција на употребата и злоупотребата на психоактивни супстанции преку подигање на свеста кај учениците за ризиците од зависностите, промовирање здрави животни стилови и зајакнување на личните и социјалните вештини за донесување одговорни одлуки.

Реализатори

Програмата ја реализираат психологот, педагогот, специјалниот едукатор и рехабилитатор, класните раководители, наставниците, директорот, докторите од секторот **Здравство и социјална заштита**, како и претставници од здравствени установи, Министерството за внатрешни работи, Центарот за јавно здравје, Црвениот крст и други стручни институции.

Начин на реализација

Активностите ќе се реализираат преку едукативни предавања, интерактивни работилници, класни часови, советувалишна работа, информативни кампањи и соработка со родителите и релевантните институции. Учениците ќе бидат вклучувани групно, индивидуално или комбинирано, согласно нивните потреби и проценката на стручната служба.

План на активности

Активност	Време	Реализатори	Очекуван резултат
Изработка на план за превентивни активности	Септември	Наставници доктори, психолог, педагог	Усвоен план за работа
Предавање за штетното влијание на психоактивните супстанции	Октомври	Доктори, психолог	Подигната информираност за ризиците
Работилници за развивање здрави животни стилови и отпорност на ризични влијанија	Ноември – декември	Психолог, педагог	Развиени животни и социјални вештини
Предавања и трибини со здравствени работници и претставници од МВР	Февруари	Здравствени работници, МВР	Подобрено знаење за последиците од употребата на психоактивни супстанции

Активност	Време	Реализатори	Очекуван резултат
Индивидуални и групни советувања со ученици и родители	Континуирано	Психолог, педагог	Навремена поддршка и превенција
Следење на состојбата и евалуација на реализираните активности	Континуирано; мај – јуни	Стручна служба	Извештај со препораки за понатамошни активности

Постапување и евалуација

При сомневање или сознание за употреба или злоупотреба на психоактивни супстанции, училиштето постапува согласно законската регулатива, интерните акти и протоколите за заштита на учениците, во соработка со родителите и надлежните институции. Реализацијата на Програмата ќе се следи преку евиденција на активностите, анкети, советувалишна работа и извештаи, а добиените резултати ќе се користат за планирање на идните превентивни активности.

Напомена: Програмата може да претрпи измени и дополнувања во текот на учебната година, во зависност од потребите на учениците, насоките и препораките на Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието и другите надлежни институции.

Прилог 33

ПРОГРАМА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА МЕНТАЛНОТО ЗДРАВЈЕ И ДОБРОСОСТОЈБАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

во СОЗШУ „Ѓорче Петров" – Кавадарци за учебната 2026/2027 година

Цел

Програмата има за цел унапредување на менталното здравје и добросостојбата на учениците преку развивање на социо-емоционални вештини, јакнење на отпорноста кон стрес, поттикнување позитивни односи и создавање безбедна и поддржувачка училишна средина. Посебен акцент се става на раното препознавање на потешкотиите, навремената психолошка поддршка и развивањето на заштитни фактори кај учениците.

Програмата се реализира во согласност со Законот за средното образование, насоките на Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието и интерните акти и процедури на училиштето.

Реализатори

Програмата ја реализираат психологот, педагогот, специјалниот едукатор и рехабилитатор, класните раководители, наставниците, директорот, докторите од секторот **Здравство и социјална заштита**, како и надворешни стручни лица и институции, согласно потребите на училиштето.

Начин на реализација

Активностите ќе се реализираат преку работилници, интерактивни предавања, класни часови, советувалишна работа, психолошка поддршка, едукација на родители и наставници, одбележување на значајни датуми и соработка со надлежни институции. Учениците ќе бидат вклучувани индивидуално, групно или комбинирано, согласно нивните потреби и проценката на стручната служба.

План на активности

Активност	Време	Реализатори	Очекуван резултат
Изработка на годишен план за активности за унапредување на менталното здравје	Септември	Психолог, педагог	Усвоен план за работа
Скенирање на психосоцијалните потреби на учениците преку разговори, опсервации и други стручни методи	Септември – октомври	Психолог, педагог, класни раководители	Навремено препознаени потреби и планирани мерки за поддршка
Реализација на работилници за развивање на социо-емоционални	Октомври – декември	Психолог, педагог, класни	Зајакнати животни и социјални вештини кај

Активност	Време	Реализатори	Очекуван резултат
вештини (самодоверба, емоции, справување со стрес, решавање проблеми и сл.)		раководители	учениците
Предавања и едукативни активности за ментално здравје со ученици, родители и наставници	Во текот на учебната година	Стручна служба, доктори, надворешни соработници	Подигната свест за значењето на менталното здравје
Одбележување на Светскиот ден на менталното здравје и други значајни датуми	Октомври и во текот на учебната година	Тим за ментално здравје, наставници	Промовирање на добросостојбата и грижата за менталното здравје
Индивидуални и групни советувања со ученици и родители	Континуирано	Психолог, педагог	Навремена психолошка поддршка и подобрена адаптација на учениците
По потреба, упатување и соработка со здравствени, социјални и други надлежни институции	Континуирано	Психолог, директор	Обезбедена стручна поддршка за учениците
Следење, анализа и евалуација на реализираните активности	Континуирано; мај – јуни	Стручна служба	Изготвен извештај со препораки за унапредување на програмата

Следење и евалуација

Следењето на реализацијата на Програмата ќе се врши континуирано преку евиденција на реализираните активности, разговори со ученици, родители и наставници, советувалишна работа, анкети и анализи на состојбите во училиштето.

На крајот на учебната година ќе се изготви извештај за реализацијата на Програмата, со анализа на постигнатите резултати и препораки за понатамошно унапредување на активностите за промоција и заштита на менталното здравје на учениците.

Препорачани теми за работилници

Работилниците ќе се реализираат во текот на учебната година, согласно потребите на учениците и проценката на стручната служба. Препорачани теми се:

- Самодоверба и позитивна слика за себе;
- Справување со стрес и притисок;
- Управување со емоции;
- Справување со лутина;
- Разрешување проблеми и донесување одлуки;

- Развивање на емоционална писменост;
- Справување со тешки животни искуства;
- Развивање отпорност (резилиентност);
- Градење позитивни односи и меѓусебна поддршка;
- Барање помош и грижа за сопственото ментално здравје.

Напомена: Програмата може да претрпи измени и дополнувања во текот на учебната година, во зависност од потребите на учениците, насоките и препораките на Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието и другите надлежни институции.

Прилог 34

Врз основа на член 120 од Статутот на училиштето Училишниот одбор при СОЗШУ Ѓорче Петров Кавадарци на седницата одржана на ден 24,02,2025 година го донесе следниот етички :

КОДЕКС

ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИ И СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ ВО УЧИЛИШТЕТО

1. Општа одредба

Со овој кодекс се уредува начинот на однесување на наставниците, односно стручните соработници во СОЗШУ„Ѓорче Петров" Кавадарци. Кодексот содржи правила, принципи и етички насоки што треба да ги следат наставниците/стручните соработници во својата професионална работа. Овој кодекс обезбедува правичен и професионален однос кон учениците, родителите, соработниците и воопшто дејноста што ја обавуваат.

2. Основни норми

Определувајќи се за професијата просветен работник, наставникот/стручниот соработник треба да има јасна слика за својата положба и улога во училиштето и општеството, да ги знае своите права, одговорности и задачи, да биде флексибилен и да умее да работи со поединци и групи, да се прилагодува на новите барања и да го користи целото свое професионално знаење и умеење.

Во својата професионална работа наставникот, односно стручниот соработник се обврзува:

- својата професија да ја врши совесно, одговорно и хумано;
- воспитанието и образованието на учениците да му претставува највисок императив во неговото професионално однесување;
- да ја чува честа и благородните традиции на професијата просветен работник;
- при вршење на своите должности не смее да прави дискриминација која е заснована на пол, раса, национално и социјално потекло, попреченост, политичко уверување, религија и верско уверување, имотна и општественаположба;
- да ја почитува личноста на учениците, нивните родители/старатели на своите колеги, соработници.

3. Професионален и морален лик на наставникот, односно стручниот соработник во училиштето

Наставникот, односно стручниот соработник треба:

- да биде високо стручен за работата што ја врши;
- да ги почитува законските одредби и одлуките на органите на училиштето и пошироко;
- да ги почитува правилата од Куќниот ред на училиштето;
- да го почитува работното време и траење на часот;
- активно да учествува во реализација на сите планирани и програмирани задачи на стручните органи и тела;
- да се стреми кон поквалитетно и поефикасно планирање на наставата,
- одговорно и совесно да ја реализира наставната програма;
- да внимава на својот морален лик (да промовира позитивни морални вредности);
- со своето однесување, естетски навики и надворешен изглед да служи како пример кај своите ученици;
- да се однесува и зборува на достоинствен начин, употребувајќи македонски литературен јазик;
- да не ја злоупотребува својата професија за лични интереси;
- континуирано да работи на своето лично и професионално усовршување преку различни форми на едукација;
- секогаш да се залага за афирмација на својот предмет/сектор;
- да има одговорен однос кон средствата и условите во кои ја реализира својата дејност;
- да се грижи за целиот училиштен простор и имот на училиштето.

4. Наставникот и наставниот процес

Извршувајќи ја својата работа наставникот:

- навреме го започнува часот и го почитува законски пропишаното времетраење на училишниот час;
- редовно и навремено ги извршува барањата во воспитно-образовниот процес во рамките на наставниот предмет кој го предава (планирање и реализација на настава), како и други видови на организирани активности на ниво на училиште;
- за постигнување на резултатите од часот редовно и добро го планира секој наставен час, со што ќе овозможи позитивна поттикнувачка, работна атмосфера и вклучување на сите ученици;
- часот да го изведува според современата наставна технологија, со умешно вклучување и водење на учениците, квалитетно поучување и рационална организација на наставата
- задолжително планира и организира дополнителна и додатна настава, а за термините ги информира учениците и родителите;
- редовно го евидентира часот, како и отсутните ученици во дневникот на паралелка;

- наставникот изготвува кодекс и правила на однесување во својата училница или кабинет, со кои ги запознава учениците на почетокот на учебната година;
- ученикот кој прави дисциплински испад за време на часот го евидентира во графата забелешки во дневникот на паралелка;
- ученикот кој од оправдани причини ќе задоцни на настава до пет минути, предметниот наставник е должен да го прими на часот, да евидентира во дневникот дека задоцнил, а раководителот на паралелка го регулира изостанувањето, подолго доцнење нема да се толерира, односно ученикот нема да му биде дозволено да влезе на часот;

5. Наставникот, односно стручниот соработник и ученикот во училиштето

Односот наставник -ученик претставува еден од најважните фактори во образовниот процес. Квалитетен и позитивен однос придонесува за подобро учење, мотивација и развој на ученикот. За успешна комуникација со своите ученици наставникот, односно стручниот соработник треба да ги почитува следните принципи:

- ја почитува личноста на секој ученик и неговото лично мислење, ги почитува правата на учениците;
- праведно и чесно се однесува кон секој ученик, сите ученици ги третира еднакво без дискриминција и фаворизирање, без пристрасност и субјективност;
- со учениците воспоставува отворена и конструктивна комуникација, со доза на професионалната дистанца, избегнувајќи судири на интереси и лични навреди;
- со учениците избегнува стил на комуникацирање недоличен за професијата што ја обавува;
- не смее да ги омаловажува и навредува учениците, да користи навредувачки и некултурни изрази во обраќањето кон учениците;
- никогаш не смее телесно и психички да ги малтретира учениците, да се служи со заплашување, уцени, закани и други форми на негативно однесување кон нив;
- секогаш ја поттикнува и негува самостојноста, критичноста и индивидуалноста на ученикот, преку користење на современи методи и активна настава;
- секогаш ги мотивира учениците, ја поттикнува нивната љубопитност, им помага во надминување на тешкотиите во учењето,
- се грижи за безбедноста на учениците и несебично им помага во дадени ситуации;
- бара од ученикот навремено, редовно и квалитетно да ги извршува своите задачи;
- наставникот ги оценува учениците согласно стандардите и критериумите на оценување, ги информира учениците со критериумите на оценување;
- секоја оценка треба да биде објективна, заснована на труд и знаење на ученикот;
- секоја оценка јавно ја соопштува и ја образложува;
- оценетите писмени работи, тестови и сл. им ги дава на увид на учениците, на родителите (ако тоа го побараат) и ги чува до крајот на учебната година;

- ги познава социјално – екомомските и другите услови во кои учениците живеат и учат;
- да соработува и да ги усогласува начините, постапките и елементите за следење на учениците со останатите наставници во стручниот актив;
- да соработува со стручните соработници и да ги следи упатствата, насоките и препораките за работа со одредена категорија на ученици;
- должен е редовно да им помага на учениците кои заостануваат во совладување на наставата;
- должен е да го сослуша секој ученик кој ќе му се обрати за совет или помош во решавање на лични проблеми;
- должен е да го упати ученикот на разговор кај стручни лица во училиштето доколку има потреба;
- да бара од учениците да се однесуваат пристојно и дисциплинирано;
- за секој вид на непристојно однесување од страна на учениците реаѓира со укажување, по потреба пријавува кај раководител на паралелка и стручни соработници;
- во работата со учениците не смее да ги искажува своите политички уверувања и определувања;

6. Наставникот, односно стручниот соработник и родителот во училиштето

Односот наставник – родител претставува важна алка од образовниот триаголник (наставник–ученик–родител) клучен за успешно образование на ученикот. Комуникацијата и соработката помеѓу наставникот/стручниот соработник и родителот треба да биде заснована на следните принципи:

- Наставникот/стручниот соработник ја почитува личноста на родителот, ги почитува нивните ставови и аргументи без разлика на личните ставови или разлики;
- еднакво ги третира сите родители, без предрасуди и фаворизирање,
- наставникот се грижи соработката со родителите да биде што поефикасна и непосредна;
- го поттикнува интересот на родителите за решавање на проблемите на учениците,
- со потполна дискреција се однесува кон прашањата за личниот и семејниот живот;
- редовно ги ги информира родителите напредокот, однесувањето и евентуални проблеми во врска со ученикот;
- ги упатува родителите за помош до компетентни лица и институции доколку тој не е во состојба да помогне;
- секогаш е достапен за родителите во договорениот термин.

7 . Должности на наставникот:

- Го почитува работното време и ги реализира барањата на воспитно-образовниот процес во рамките на наставниот предмет кој го предава;
- Одговорно и совесно ја реализира наставната програма;
- Ја почитува личноста и достоинството на учениците, родителите и сите вработени во училиштето;
- Редовно ја следи активноста и редовноста на учениците;
- Го евидентира секое постигнување на учениците и секоја оценка јавно ја соопшува и образложува пред учениците;
- Задолжително дежура во ходниците, според истакнат распоред за дежурство;
- Промовира однос на почитување кон колегите, родителите, останатите вработени и други надворешни лица од заедницата;
- Внимава на својот изглед, личната хигиена и хигиената во училиштето;
- Соработува и ги усогласува начините, постапките и елементите за следење на учениците со останатите наставници во стручниот актив;
- За успешно извршување на својата функција, ги почитува принципите на :
  - ✓ хуманост и љубезност
  - ✓ отвореност и комуникативност
  - ✓ љубов кон својата професија
  - ✓ креативност и иницијативност
  - ✓ одговорност, доследност, искреност

8. Одговорности на наставникот

- Секој наставник е одговорен да обезбеди работна атмосфера на својот час, да се грижи за безбедноста на учениците и несебично да помага во дадена ситуација;
- Наставата ја реализира интерактивно и користи информатичко – комуникациска технологија,
- Задолжително организира дополнителна и додатна настава;
- Не ја користи својата професија за лични интереси;
- Отворен е за соработка со вработените во училиштето и несебично ги пренесува своите знаења и искуства;
- Постојано професионално се надградува и усовршува;
- Внимава на однесувањето кон учениците – се однесува и говори на достоинствен начин;
- Најдоследно го почитува правилникот за употреба на учебниците;
- Подготвен е да ги прифати новините и промените во наставата;
- Постојано врши самоевалуација на својата работа, со доза на самокритичност.

9. Права на наставникот

- Има право на активен придонес во работата на училиштето
- Да не биде изложен на мобинг
- Да бидат почитувани неговата личност, интегритет и човекови права
- Да бидат почитувани неговите права според Законот за работни односи

10. Должности и обврски на раководителот на паралелка

- За раководител на паралека, од страна на директорот, може да биде назначен секој наставник вработен во училиштето, со минимум една година работно искуство, односно со положен стручен испит;
- Раководителот на паралелка ги организира и води состаноците со родителите и на нив се договара за облиците на соработка;
- Раководителот на паралека е должен на првата родителска средба да ги запознае родителите со одредбите од Кодексот за однесување на родители и ученици, а на класен час ги запознава учениците;
- Се грижи соработката со родителите да биде што понепосредна и ефикасна;
- Го поттикнува интересот и ангажирањето на родителите во решавањето на проблемите на учениците;
- За прашањата од личниот и семејниот живот води сметка за потполна дискреција;
- Со целосно внимание и одговорност се однесува спрема оние родители кои не пројавуваат интерес за соработка и недоволно се грижат за однесувањето на своите деца;
- Навреме и објективно ги информира родителите;
- Ученикот кој направил дисциплински прекршок на одреден час и е евидентиран во графата за забелешки во Дневникот, го повикува на разговор, го информира родителот и стручната служба и доколку се оцени дека има оправдани аргументи, се покренвуа постапка за изрекување на педагошка мерка;
- Раководителот на паралека ги регулира изостанувањата на учениците најмалку еднаш неделно;
- За појавата на зачестено изостанување на учениците навремено ги информира родителите;
- Раководителот на паралека е должен во текот на наставната година најмалку четири пати да организира родителска средба на кои дава преглед за постигнувањата на паралелката во изминатиот период, ги информира родителите за активностите на училиштето и овозможува размена на ниформации помеѓу родителите и училиштето;
- По укажана потреба организира и вонредни родителски средби;
- Раководител на паралелка е должен да организира информативен разговор со предметен наставник на барање на родител;

- Упатува на помош од компетентни лица и установи кога тој не е во состојба да помогне;
- Организира индивидуална, воспитна и советодавна работа со ученици по определени прашања: редовност во наставата, поведение, однос кон учењето, соучениците и наставниците;
- Одржува постојана соработка со предметни наставници, стручната служба, советот на паралека и директор на училиштето;
- Поднесува извештаи за состојбата во паралелката за секој класификационен период;
- Остварува индивидуална комуникација со родители на ученици за поведението и постигнувањата на ученикот;
- Испраќа писмени покани до родителите кои не доаѓаат редовно на родителските средби;
- Уредно и континуирано ја води педагошка документација: дневник на паралека, евидентни листови, главна книга на учениците, свидетелство, преведница, диплома, записници од одржани поправни и метурски испити и други планирања на воспитна работа;
- Раководителот на палелелка има обврска редовно да го печати електронскиот дневник согласно член 17-а став 2 од Правилникот за дополнување и Правилникот за начинот на водењето, формата и содржината напедагошката евиденција и документација во средните училишта.

11. Кодекс за воведување во работа на наставник почетник

Почетокот е клучен за тоа како ново вработениот наставник ќе ги покаже и подобри своите квалитети на долгорочно ниво.

- Ново вработениот наставник, на првиот работен ден да биде примен од страна на директорот при што ќе биде запознаен со неговите работни должности и одговорности, како и да биде потсетен за неговиот службен однос и изглед;
- Ново вработениот наставник, пред колективот го претставува директорот;
- Ново вработениот наставник, пред Стручниот актив го претставува претседателот на Стручниот актив;
- Ново вработениот наставник, пред учениците го претставува класниот раководител, а во случај на спреченост да одреди своја замена;
- Од страна на директорот му се одредува ментор;

- Ново вработениот наставник од страна на педагошко – психолошката служба да биде запознаен со: планот и програмата за работа, паралелките во кои ќе реализира настава, учебниците по кои ќе работи, подготовката на планирањата и начинот на водење на педагошката евиденција и документација;

УКАЖУВАЊЕ
За нестручно, ненавремено и несовесно исполнување на своите обврски и задачи кон паралелката, раководителот на паралека ќе биде разрешен од функцијата од страна на директорот.

12. Завршни одредби

Секој наставник, односно стручен соработник се обврзува да го почитува и спроведува овој **Кодекс на Однесување на наставници и стручни соработници**. За непочитување и непридржување кон **Кодексот** одговорен е прекршителот лично и се поведува дисциплинска постапка согласно Статутот.

Овој кодекс за однесување на наставниците и стручнитре соработници стапува на сила со неговото донесување.

Претседател на УО

Прилог 35

Врз основа на член 120 од Статутот на училиштето Училишниот одбор при СОЗШУ Ѓорче Петров Кавадарци на седницата одржана на ден 24,02,2025 година го донесе следниот :

КОДЕКС

за однесување на ученикот

Со овој кодекс на однесување на учениците се утврдува дициплината , правата должностите и одговорностите на уЌениците во училиштето и надвор од него каде се спроведуваат училишни активности.

Член 1

Општи напомени

Ученикот како субјект во воспитно-образованиот процес треба да има јасна слика за својата положба и улога во училиштето и општеството, да ги знае своите права и одговорности и да се прилагодува на новите барања.

Секој ученик треба да биде почитуван како личност, без оглед на своите способности, талент, пол, раса, култура, традиции, националност, вероисповед и социјална положба.

На секој ученик да му се овозможи да постигне успех во рамките на наставниот план и програма.

Воспитно-образовниот процес да го промовира моралниот, менталниот и физичкиот развој на ученикот во училиштето и општеството.

За непречено одвивање на наставата во училиштето, ученикот се обврзува да ги почитува и спроведува следните правила

Член 2

Права , должности и одговорности на ученикот кои треба ученикот да е одговорен и почитува се :

Должности на ученикот:

- Го чува угледот и достоинството на училиштето
- Навремено и редовно ја посетува наставата
- Не вклучува и не користи мобилен телефон или други уреди со слична технологија за време на часот
- Ја почитува работната атмосфера на часовите и дисциплината на одморите
- Ги почитува аргументите на другите и не дава непристојни коментари

- Редовно и навремено ги исполнува своите должности, по секој наставен предмет
- Активно учествува во реализацијата на наставниот процес
- Не внесува и користи: цигари, алкохол и дроги
- Не внесува оружје, петарди, запалки, предмети со остри сечила или убодни предмети, со кои може да го загрози здравјето или животот на секој во училиштето
- Ја почитува личноста на своите соученици, наставници и останатите вработени

Одговорности на ученикот:

-Го почитува Куќниот ред на училиштето

-Совесно и одговорно се однесува кон инвентарот, компјутерите и другиот вид на опрема

-Секогаш се грижи за својот изглед и однесување ,формира културни и естетски навики и внимава на својот морален лик

-Коректно и одговорно се однесува кон личноста на наставникот и своите соученици

-За време на писмени работи, тестови и испити се однесува коректно и чесно

-Носи потребен прибор и материјали за целосна подготвеност на часот

-Отсуството од настава поради болест, го оправдува кај класниот раководител, најдоцна до петтиот ден од отсуството со приложување на Медицинска потврда издадена од матичен лекар, а поткрепена со потврда од родител

-Најдоследно го почитува правилникот за употреба на учебниците

Права на ученикот:

- Секој ученик има право да биде почитуван како личност, без оглед на неговите индивидуални способности, талент, пол, раса, култура, традиција, националност, вероисповед и социјален статус
- Секој ученик има право да постигне успех во воспитно – образовниот процес
- Секој ученик има право да ги само оценува сопствените постигања
- Има право на слобода во изразувањето, но користи примерен речник внимавајќи да не ја повреди личноста на наставникот и на своите соученици
- Да не биде изложен на мобинг од било кој ученик или вработен во училиштето
- Учениците со посебни потреби имаат право на соодветен третман и заштита

:Член 3

Кодекс за однесување на учениците во училница и во кабинети

- Ученикот е должен редовно да ја посетува наставата и да учествува во другите активности утврдени во Наставниот план и програма и Годишната програма на училиштето;
- Ученикот е должен навреме да доаѓа на настава без задоцнување;

- Отсуството од настава поради болест, го оправдува кај раководител на паралелка, најдоцна до петтиот ден од отсуството со приложување на Медицинска потврда издадена од матичен лекар, а поткрепена со потврда од родителот (телефон или личен контакт),
- Ученикот кој од оправдани причини ќе задоцни на настава до пет минути, предметниот наставник е должен да го прими на час, да евидентира во дневникот дека задоцнил, а раководителот на паралелка да го регулира изостанувањето. Подолго изостанување од часовите нема да се толерира, односно на ученикот нема да му биде дозволено да влезе на час.
- Ученикот треба да биде дисциплиниран, совесен, одговорен, толерантен со што ќе придонесе за одржување на дисциплината на час;
- Совесно, одговорно и со почит да се однесува кон личноста на наставникот и своите соученици;
- Ученикот треба да соработува со наставниците и стручните соработници, навремено и одговорно да ги завршува своите обврски;
- Во училиште ученикот треба да доаѓа уреден, чист и пристојно облечен согласно возраста (носењето на кратки шорцеви, кратка сукња, маици без ракави, откриен стомак, длабоко деколте, prosирни блузи и слично, се сметаат за несоодветна училишна гардероба и не се дозволени при престојот во училиштето. Дискретниот накит (ланче, обетки, прстен, саат и сл.) се смета за личен стил, но училиштето не сноси одговорност доколку ученикот ги изгуби;
- Ученикот има слобода во изразувањето, но треба да користи примерен речник внимавајќи да не ја повреди личноста на наставникот и на своите соученици;
- Ученикот не вклучува и не користи мобилен телефон или уреди со слична технологија за време на час, со исклучок за потребите на наставниот процес;
- Ученикот не внесува храна и пијалаци во училницата;
- Ученикот не влегува и не го напушта часот без дозвола на наставникот;
- Седи на место предвидено за него (по реден број или според друг редослед);
- Користи компјутер само со дозвола на наставникот и по завршување го исклучува;
- Совесно и одговорно се однесува кон компјутерите и опремата;
- Се грижи за исправноста на опремата и сите проблеми ги пријавува кај наставникот;
- Користи интернет само за потребите на наставата и со дозвола на наставникот;
- Не снима, игра или врши други активности кои ја попречуваат работата на час;
- Лично е одговорен за сите податоци кои ги остава на прелистуваните ВЕБ страни;
- Не презема самоиницијативно поправка на дефекти на опремата (само со дозвола на одговорно лице);
- Строго се забранува внесување на оружје, петарди, запалки, предмети со остри сечила или убодни предмети, со кои може да го загрози здравјето или животот на секој во училиштето
- Се грижи за личната и хигиената во училницата и одговорно се однесува кон целокупниот инвентар во училницата;
- За време на писмени работи, тестови и испити се однесува коректно и чесно;
- Носи потребен прибор и материјали за целосна подготвеност на час;
- Ученикот со своето однесување го чува угледот на училиштето;
- Ученикот има право да ги знае елементите на оценување, како и критериумите и постапките за вреднување од секој наставник и за секој наставен предмет;
- Доследно да го почитува Правилникот за употреба на учебниците, а тоа значи:

-На почетокот на учебната година, сите ученици ќе добијат комплет бесплатни учебници.
-За истите ќе потпишат документ со што се обврзуваат да ги вратат во исправна состојба;
-Учениците не смеат да ги оштетуваат, бележат и потцртуваат одредени реченици или делови од текстот на учебникот;
-По завршувањето на наставната година, учениците се должни да ги вратат учебниците неоштетени и во добра состојба;
-Ако ученикот не го врати комплетот на учебници или го врати оштетен, неговиот родител / старател е должен да ја надомести штетата со плаќање 70 % од каталошката вредност на учебникот.

- Ученикот е должен да се придржува кон сите правила кои се однесуваат на начините и постапките за вреднување, како и на правилата за однесување во училиштето

Член 4

Кодекс за однесување на ученикот во училишниот двор, хол и тоалети

- По влегувањето во училиштето, ученикот се упатува кон просторијата во која имаат настава, без да се задржува во главниот хол, а движејќи се по десната страна на скалите и ходниците.
- Доколку следат настава во кабинет/лабораторија го чекаат наставникот пред кабинет, без да го попречуваат движењето на другите;
- Доколку за време на час се движат во ходник, не треба да ја попречуваат наставата со гласно викање, отворање на вратите и слично;
- Совесно и одговорно се однесува кон училишниот имот и материјалните добра во и надвор од него (не уништува, не крши, не испишува графити или натписи со слични содржини);
- Достоинствено и пристојно се однесува кон другите ученици и персоналот на училиштето;
- Внимава и се грижи за личната и хигиената на училиштето, фрла отпадоци на определено место,
- Се грижи за зеленилото во дворот, се движи по дефинирани патеки и седи на места предвидени за тоа;
- Не консумира и не поседува, алкохол, цигари и други наркотични и токсични супстанци;
- Креира пријатна училишна атмосфера со својот говор, држење и однесување;
- Не поседува предмети и супстанци кои можат да ја загрозат личната и безбедноста на другите лица;
- Навреме доаѓа во училиште,
- Носи пристојна облека што не се издвојува од другите соученици;
- Коректно и непристрасно пријавува инциденти или насилства до лица од училишниот персонал,
- Не применува психичко, физичко и вербално насилство врз други лица;
- Ја почитува приватната сопственост и сопственоста на другите (не краде и не поседува туѓи предмети),
- Има слобода во изразувањето без притоа да ја повреди сопствената и туѓа личност;
- Несебично помага на лица со инвалидитет или со посебни потреби;

-

Член 5

Кодекс за однесување на ученикот во кабинетите

- Внимава на целокупната опрема во **кабинетите**
- Нема пристап до супстанци, уреди или друга апаратура без дозвола на наставникот
- Се грижи за хигиената во **кабинетите** и по завршување на активностите го средува работното место
- Не користи запалки и друг вид на запаливи и токсични материјали
- Внимателно го истура отпадот на места, според стандарди предвидени за тоа
- Внимателно ги следи инструкциите од наставникот за време на експериментирање во кабинетите

Член 6

Кодекс за однесување во училишна енолошка лабораторија

Работа во лабораторија бара внимание, организираност и следење на стандардни протоколи за безбедност и ефикасност.

Безбедност

- Носете соодветна лична заштитна опрема (ракавици, лабораториска мантија, заштитни очила).
- Осигурете дека познавате локацијата на опремата за итни случаи (апарат за гаснење пожар, тушеви, комплет за прва помош).
- Никогаш не работете со хемикалии или опрема без претходно читање на упатствата.
- Внимателно истурајте го отпадот на места предвидени, според стандарди за тоа.

Организација

- Одржувајте чиста и организирана работна површина.
- Проверете го инвентарот пред почетокот на експериментот и осигурете се дека имате сè што ви е потребно.
- Водете лабораториски дневник и прецизно запишувајте ги сите чекори, мерења и забелешки.

Следење на протоколи

- Прочитајте го протоколот однапред и осигурете се дека целосно го разбирате.

- Следете ги чекорите во точниот редослед, без импровизации.
- Работете според стандарди за мерење и калибрација.

Комуникација

- Работете тимски и координирајте се со колегите.
- Пријавувајте веднаш проблеми
- .Споделувајте ги резултатите со другите членови на тимот.

Етика

- Не манипулирајте со податоците и бидете транспарентни за сите наоди.

Член 8

Кодекс за однесување во училишна винарија

Хигиена и санитарни услови

- Чистотата е клучна: Темелно чистете ја опремата (цистерни, црева, бочви) пред и после секоја употреба за да спречите контаминација.
- Користете одобрени средства за чистење.
- Редовно одржувајте го работниот простор чист и организиран.

Контрола на процесот

- Следете ги температурите при ферментацијата.
- Редовно проверувајте го нивото на шеќери, ph и алкохол во текот на производството.
- Користете квалитетни суровини.

Работа со опрема

- Запознајте се со функционирањето на машините во винаријата.

Зреење и складирање

- Чувајте го виното во соодветни услови: стабилна температура, влажност и светлина.
- Одржувајте ги бочвите (доколку се користат) во добра состојба за да избегнете оштетување на вкусот.
- Контролирајте го квалитетот на виното во текот на процесот на зреење.

Безбедност

- Носете заштитна облека и бидете внимателни при работа со хемиски соединенија, како сулфити или средства за чистење.

- Работете тимски и осигурете дека секој член на тимот е запознаен со процедурите за безбедност.

Контрола на квалитет

- Дегустирајте го виното во различни фази од производството за да ги следите резултатите.
- Чувајте детална документација за секоја партија вино (суровини, процеси, мерења).
- Пратете ги законските регулативи за производство и обележување на виното.

Член 9

Кодекс за однесување во расадник и цвеќара

Опрема

- Ракавици, заштитно одело , соодветни обувки.

Работа со опрема

- Запознајте се со алатите и машините и нивното функционирање.
- Секогаш носете работно одело при користење на алатите.

Хигиена

- После обработената задача во расадникот/цвеќарата да се исчисти направениот смет.
- Редовно одржувајте го работниот простор чист и организиран.

Безбедност

- Носете заштитна опрема и бидете внимателни при работа со хемиските препарати, алати и машини.
- Работете тимски и водете сметка секој член на тимот да биде запознаен со процедурите за безбедност.

Одржување на садници во расадник/цвеќара

- Редовно и соодветно полевање на садниците.
- Редовно проветрување на цвеќарата.
- Редовно плевење во расадникот и цвеќарата.
- Редовно прихранување и заштита *по потреба на садниците.

Член 10

Кодекс за однесување во лабораторија

Со овој правилник се уредува опремувањето на лабораторијата со сите потребни инструменти, лабораториски прибори , хемикалии и безбедносни апарати и јасно означување на безбедносните податоци на секоја хемикалија и начин на нивна употреба.

Лабораторијата мора да биде опремена со сите потребни алати, хемикалии и безбедносна опрема.

Сите хемикалии треба да бидат јасно означени, а безбедносните листи со податоци мора да бидат достапни за секоја хемикалија.

Просторите во лабораторијата треба да бидат чисти, организирани и без непотребен хаос.

Лична заштитна опрема (ЛЗО)-Секој поединец кој влегува во лабораторијата мора да носи соодветна заштитна опрема, вклучувајќи заштитни наочари, ракавици и работни мантили.

Храна и пијалаци-Јадењето, пиењето или џвакањето на гума е строго забрането во лабораторијата за да се спречи контаминација и изложеност на опасни супстанции.

Однесување-Трчање, гласно зборување или било кое однесување што може да го наруши работното опкружување е забрането. Никогаш не се вклучувајте во хулигански игри или активности кои можат да доведат до несреќи.

Отворени пламенови-Отворени пламенови (како што се Бунзенов пламеник) треба да се користат само кога тоа е изрично наредено, а веднаш по употребата треба да се изгасат.

Безбедно користење: Хемикалиите треба да се користат само како што е укажано од наставникот. Секогаш следете ги безбедносните протоколи за ракување, складирање и отстранување на хемикалиите.

Означување-Обезбедете се дека сите хемикалии се правилно означени. Ако етикетата на хемикалијата е нечитлива или недостасува, веднаш известете го наставникот.

Чување-Хемикалиите се чуваат во специјални ормани кои имаат заштита во случај на пожар

Соодветно отстранување:-Хемискиот отпад треба да се отстранува во одредени контејнери. Никогаш не фрлајте хемикалии во мијалник, освен ако не е поинаку укажано.

Просипување на хемикалии- Во случај на просипување, веднаш известете го наставникот и следете ги соодветните постапки за чистење. Користете материјали за контролирање на просипувањето и отстранувајте го отпадот согласно со безбедносните упатства.

Правилно користење- Лабораториската опрема треба да се користи само за предвидената намена. Никогаш не ја користете опремата на погрешен начин и немојте да се обидувате да ја поправите без упатство.

Чистење по употреба-Секогаш исчистете ја опремата по употреба. Оставете стаклените садови, алатките и работните простори во добар состојба за следниот корисник.

Електрична опрема-Бидете внимателни при користење на електрични уреди. Проверете дали се сите уреди во добро работно состојба и веднаш известете го наставникот ако има некои проблеми.

Остри и стаклени предмети-Со стаклените садови и остри алатки треба да се ракува внимателно. Никогаш не оставајте кршен стакло или остри предмети без надзор.

Пожарна безбедност-Знаете ја локацијата на противпожарните апарати, пожарните ќебиња и излезите за итни случаи. Во случај на пожар, известете го наставникот и следете ги процедурите за евакуација.

Контакт со очите и кожата-Ако хемикалија дојде во контакт со очите, веднаш исплакнете ги со вода најмалку 15 минути и побарајте медицинска помош. Ако хемикалија се истури на кожата, измијте ја засегнатата област со многу вода и веднаш известете го наставникот.

Прва помош-Прва помош мора да биде лесно достапна во лабораторијата. Сите повреди, дури и мали, треба да бидат веднаш пријавени.

Известување за несреќи-Секој несреќен случај, без разлика колку е мал, мора да се пријави на наставникот во лабораторијата.

Надзор од страна на наставник- Учениците мора секогаш да работат под директен надзор на наставникот или инструктор за лабораторијата. Неовластени експерименти се забранети.

Правилно однесување-Следете ги сите упатства внимателно и поставувајте прашања ако не сте сигурни за некоја постапка. Никогаш не се вклучувајте во активности кои може да доведат до опасности за вас или за другите.

Дисциплински мерки- Неусогласеноста со правилата за безбедност во лабораторијата може да резултира со отстранување од лабораторијата, суспензија или други дисциплински мерки согласно со училиштето.

Токсични супстанции-Со токсичните супстанции треба да се ракува со екстремна внимателност. Обезбедете дека работата се изведува во фум-капак или добро вентилирана просторија.

Киселински хемикалии-Ако работите со киселински хемикалии, носете соодветна лична заштитна опрема, вклучувајќи ракавици и заштитни визири.

Запаливи материјали-Работете со запаливи хемикалии само кога е потребно и осигурете се дека сите извори на запалување се отстранети од просторијата.

Одржување на работното место-Чувајте ги работните места чисти и без непотребни материјали. Секогаш избришете ја вашата работна површина по завршувањето на експериментите.

Складирање-Чувајте ги хемикалиите, опремата и материјалите на нивните назначени места. Осигурете се дека сè е правилно запечатено и осигурено.

Едукација-Сите ученици мора да поминат обука за безбедност во лабораторијата пред да започнат со работа во хемиската лабораторија.

Редовни освежувања- Редовни освежувања за безбедност треба да се одржуваат за сите корисници на лабораторијата, особено кога се воведуваат нови хемикалии или опрема.

Одговорност и отчетност

Лична одговорност: Секој ученик и наставник е одговорен за својата безбедност и безбедноста на другите. Ако сте несигурни, секогаш побарајте помош од наставникот.

Чистење на лабораторијата: По завршување на експериментите, осигурајте се дека вашето работно место е чисто и дека сета опрема е правилно складирана.

Неусогласеноста со правилата за безбедност може да резултира со: Усна или писмена опомена, Суспензија од лабораторијата, Додатни дисциплински мерки според училиштето.

Хемиската лабораторија е важен образовен простор кој бара внимателно следење на безбедносните протоколи. Со следење на овие правила, ние обезбедуваме дека лабораторијата ќе биде безбедно место за сите ученици и наставници да учат и работат заедно. Секогаш приоритет да биде безбедноста, одговорноста и почитта кон другите додека сте во лабораторијата.

Член 11

Кодекс за работни активности во училишната дрво преработувачка работилница "ФАГУС" при СОЗШУ "Ѓорче Петров" Кавадарци

Со овој правилник се регулираат средствата и мерките за безбедност и заштита при реализирање на работните активности во училишната дрвопреработувачка работилница ,,Fagus,, при СОЗШУ,,Ѓорче Петров,, - Кавадарци

СРЕДСТВА ЗА ЗАШТИТА И БЕЗБЕДНОСТ

Средства за лична заштита

Учениците и наставниците задолжително треба да ги употребуваат следниве средства за лична заштита и безбедност при работни активности во училишната дрвопреработувачка работилница ,,Fagus,, :

- Заштитна облека -мантил или работно одело
- Заштитни ракавици
- Заштитни наочари
- Заштитни обувки

Средства за противпожарна заштита

- Училишната дрвопреработувачка работилница ,,Fagus,, треба да биде опремена со уреди за против пожарна заштита кој ќе бидат поставени на достапно и видливо место

Средства за прва помош

- Училишната дрвопреработувачка работилница ,,Fagus,, треба да биде опремена со средства за прва помош сместени во соодветна кутија со јасна ознака и поставена на достапно и видливо место

МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И БЕЗБЕДНОСТ

Учениците и наставниците треба да се придржуваат и во целост да ги применуваат следниве мерки за заштита и безбедност при изведување на работни активности во училишната дрвопреработувачка работилница „Fagus„

- Секој ученик и наставник е одговорен за својата безбедност и безбедноста на другите. Ако сте несигурни, секогаш побарајте помош од наставникот.
- Учениците мора секогаш да работат под директен надзор на наставникот
- Пред почеток на активностите да се провери исправноста на машините, рачните електрични машини и работните алати
- Ракувањето со машините и рачните електрични машини секогаш е со претходна дозвола и контрола од предметниот наставник
- Машините се пуштат во погон со гласна најава
- Не смее да се стои пред и позади машината која е вклучена да работи
- По завршување на работната активност работните материјали алатите и рачните електрични машини се складираат на одреденото место каде истите се чуваат
- За хигиената во работилницата се грижат сите чинители
- По завршување на активноста дежурните ученици ја чистат работилницата и работните места
- Пред почеток на активностите учениците се запознаваат со средствата и мерките за противпожарна заштита и процедурите за евакуација
- Учениците и наставниците треба да бидат обучени за работа со противпожарни уреди
- Учениците и професорите треба да бидат запознаени со содржината на средствата за прва помош и нивната примена
- Секој несреќен случај, без разлика колку е мал, мора да се пријави на наставникот
- Во случај на недолично однесување на ученикот истиот се исклучува од активноста и се отстранува од работилницата со цел спречување на несакани повреди
- Неусогласеноста со правилата за безбедност во работилницата може да резултира со отстранување од работилницата, суспензија или други дисциплински мерки согласно правилниците на училиштето.

Член 12

Кодекс за однесување на учениците во спортска сала, соблекувална, и надворешните спортски терени

- Ученикот носи спортска облека (дрес, тренерки, спортски шорц, маица, патики ..) назначена од наставникот.
- Бојата на маицата е во договор со предметниот наставник и при тоа истата е без било какви верски или партиски обележувања.

- Ученикот не влегува во спортската сала со истите обувки со кој претходно дошол на училиште.
- Во соблекувалната се подготвува и таму ги остава своите работи за време на часот, на часот влегува во чиста опрема.
- Сите вредни работи учениците ги предаваат на дежурните ученици или ги оставаат во кабинетот на наставникот кој е заклучен за време на часот.
- За безбедноста на своите и туѓи работи оставени во соблекувалната одговорен е дежурниот ученик.
- Во спортската сала, надворешните спортските терени, влегува исклучиво во спортска облека.
- Ученикот внимава на спортските реквизити и на целокупната опрема во салата, фитнес салата и на надворешните терени, ги чува сите спортски реквизити во салата за негово добро и доброто на сите ученици.
- При евентуална телесна повреда или материјална штета , ученикот е должен веднаш да го извести предметниот наставник.
- Завршувањето на часот го означува наставникот со свирење со свирчето, сите го напуштаат часот после прегледот на салата дали е се во ред, односно се да е на свое место.
- Ученикот коректно и спортски се однесува за време на натпреварите или друг вид спортски игри како и за време на часот.
- Се грижи за личната и хигиена во соблекувалната, санитарните јазли и на сите спортски терени.
- Не се дозволува пушење во соблекувалните, санитарните јазли, фитнес салата и кругот околу спортските терени.
- Сите чинители кои ги користат спортските терени (ученици, наставници)и спортските реквизити се однесуваат за цело време коректно со сите спортски реквизити кои ги има на располагање на спортската сала (топки, чуњеви, јажиња за скокови, душеци, гимнастички справи, пинг понг табли, голови, кошеви итн.)
- Спортската сала треба да се одржува односно редовно да се чисти теренот, санитарните јазли, соблекувалните, рипстолите, фитнес салата, магацините за реквизити и ходниците.

Член 13

Кодекс за однесување на ученикот во училишната библиотека

- Во училишната библиотека, ученикот влегува тивко и пристојно, без да ја нарушува работната атмосфера само во определеното време.
- Во училишната библиотека, истовремено треба да влегуваат најмногу тројца ученици.
- Во училишната библиотека, во делот читална се однесува крајно одговорно и внимателно.
- Потребната книга или друг материјал ги изнајмува само со потпис на одговорно лице – библиотекар.
- Изнајмената литература, во предвидениот рок ја враќа на одговорното лице.

- Совесно и одговорно се однесува кон изнајмениот материјал (не го уништува, не шкрта).
- За евентуалната штета , ученикот лично е одговорен и ја надоместува.

Член 14

Кодекс за однесување на ученикот во административна просторија (наставничка канцеларија, канцеларија на директор, помошник директор, психолог, педагог, и секретар)

- Ученикот влегува пристојно облечен
- Внимава на својот речник и држење
- Ги поздравува присутните и ги искажува своите барања
- Не влегува без дозвола на присутно лице

Член 15

Кодекс на однесување на учениците за време на завршната екскурзија

Ученикот со своето однесување претставува слика на своето семејство, своето училиште, град и својата држава. Доброто однесување е знак на добро воспитување. За да оставиме добар впечаток и за да екскурзијата на сите нам ни биде пријатно и незаборавно доживување, треба сите да дадеме свој придонес и да се придржуваме кон следниве правила:

1. Почитувај ги своите соученици, наставници, водичите, лекарот и сите учесници во екскурзијата
2. Секој што тргнал на екскурзија, сака добро да си помине и екскурзијата да му остане во пријатно сеќавање. Немојте да дозволите Вие со вашето однесување да му го оневозможите тоа
3. Секоја држава си има свои закони и истите треба да се почитуваат од секого што престојува во таа земја, а тоа се разбира важи и за Вас.
4. Забрането е консумирање на алкохол за времетраењето на екскурзијата
5. Забрането е пушење во автобусите и во собите во хотелот
6. Треба максимално да се грижиме за хигиената во автобусот
7. Забранет е разговор со возачот за време на возењето
8. За време на поминување на граничните премини треба во автобусот да биде тишина, за да може службеното лице несметано да ја обави својата должност
9. Патната исправа (пасошот) треба максимално да ја чуваме и да ни биде на дофат при поминување на граница
10. При посета на историски места или музеи, треба да бидеме внимателни и да слушаме што зборува водичот. Таму каде што не е дозволено, немојте да фотографирате
11. При прошетки низ големите градови не треба да се издвојуваме од групата
12. При слободните прошетки никогаш не одете сам(а)
13. Почитувајте го закажаното време и никогаш немојте да доцните

14. При престој во хотелот треба да се грижиме за хигиената и мирот во хотелот – обично во хотелите има и други гости кои бараат мир
15. Секое нанесување на материјална штета во хотелот, се наплатува и ја сноси само лицето што ја направило
16. Обично во фрижидерите во собите има пијалак и грицки. Немојте да ги отворате, без претходно да ја прочитате нивната цена која е истакната во собата
17. Внимавајте на клучот од собата и при секое напуштање на хотелот, оставајте го на рецепција
18. Немојте да крадете инвентар од хотелот, затоа што на крајот се врши проверка на собите, а кражбите ќе бидат пријавени на полицијата и ќе следат соодветни казни
19. Немојте да се обидувате да крадете било што од своите соученици
20. Бидете точни за време на оброците во хотелот (појадок и вечера), затоа што си има строго определено време во кое се служи појадок или вечера
21. При посета на ресторани во градовите добро распрашајте се за цените, за да не дојдете во ситуација да ви наплатат повеќе отколку што треба
22. Добро чувајте ги парите, затоа што секогаш ве демнат крадци и ќе го искористат вашето невнимание
23. Забрането е носење на било какво оружје
24. За однесувањето на ученикот во присуство на родителот потпишува изјава дека се согласува со кодексот за ескурзиите

Член 16
Завршни одредби

За непочитување на пропишаните правила од страна на учениците, класниот раководител или предметен наставник, можат да предложат изрекување на педагошка мерка до Советот на паралелката или Наставничкиот совет кои се надлежни за донесување на Одлука за изрекување на педагошката мерка, согласно со Законот за Средно образование.

Член 17
Кодексот за однесување на учениците ке се применува веднаш по неговото донесување

Претседател на

Училишниот одбор

_____

СОЗШУ “ЃОРЧЕ ПЕТРОВ” – КАВАДАРЦИ

Ул.ШИШКА 23 1430 КАВАДАРЦИ ТЕЛ:043/ 412-180 ; ФАК:043/412-910
e-mail: zsuckavadarci@t.mk

П 1
Изјава на ученикот

_____ од ____ клас

Во присуство на мојот родител / старател , **Изјавувам дека за време на наставно - научната екскурзија ќе ги почитувам договорените правила:**

1. Ќе ги почитувам договорените термини за поаѓање или посета на локалитети
2. Ќе се движам во група со моите наставници и соученици и нема самоволно да ја напуштам
3. Нема да уништувам хотелски инвентар
4. Нема да користам алкохол, цигари и наркотични средства
5. За евентуалните проблеми ќе го известам класниот раководител
6. Ќе одговорам на сите барања од класниот раководител во врска со дисциплината и пристојното однесување
7. Ќе избегнувам конфликти со соучениците и локалното население
8. Лично ќе бидам одговорен за сите мои лични предмети
9. Со своето однесување ќе се грижам за угледот на училиштето

Ученик _____ Родител _____

Прилог 36

Врз основа на член 120 од Статутот на училиштето Училишниот одбор при СОЗШУ Ѓорче Петров Кавадарци на седницата одржана на ден 24,02,2025 година го донесе следниот :

КОДЕКС

НА ОДНЕСУВАЊЕ ЗА РОДИТЕЛИ/СТАРАТЕЛИ

Член 1

1. Општа одредба

Со овој кодекс се уредува начинот на однесување на родителите во СОЗШУ„Ѓорче Петров" Кавадарци. Кодексот содржи правила, принципи и етички насоки што треба да ги следат родителите за да се постигне почитување на законските прописи, совесно и одговорно исполнување на улогата **родител** во воспитно - образовниот процес. Целта на овој кодекс е да се обезбеди поддржувачка средина за квалитетно образование и воспитување на учениците, преку воспоставување на позитивна комуникација на релација наставник – ученик – родител.

Член 2

2. Основни норми

Родителите/старателите се составен дел од воспитно образовниот процес во училиштето. Наставникот, родителот и ученикот се основниот дидактички триаголник кој го чини успешен целокупниот училиштен процес.

Улогата на родителот во училиштето го обврзува да ги почитува следниве принципи:

- **Родителот се однесува одговорно и совесно кон воспитно – образовниот процес на своето дете.**
  - ✓ Редовно и континуирано го следи напредокот и однесувањето на своето дете;
  - ✓ Го поттикнува детето на извршување на своите обврски, на одговорност и дисциплина;
  - ✓ Обезбедува соодветни услови за учење дома.

- **Родителот го почитува училиштето и соработува во сите негови сегменти согласно пропишаните правила и кодекси**
  - ✓ Ги познава училишните правила/кодекси и ги почитува,
  - ✓ Ја почитува личноста на наставниците, училишниот персонал, другите ученици и нивните родители,
  - ✓ Воспоставува комуникација заснована на почит и конструктивност со сите чинители во училиштето;

- ✓ Соработува со наставниците/стручните соработници при решавање на евентуални проблеми и потешкотии,
- ✓ Учествува на родителски средби, состаноци и други училишни активности.

- **Родителот поттикнува позитивни морални вредности кај детето**
  - ✓ Го учи своето дете на почит, чесност, одговорност и соработка;
  - ✓ Претставува пример за културно и пристојно однесување,
  - ✓ Го охрабрува детето да ги почитува правилата на училиштето и се однесува одговорно кон другите.

Член 3

3. Правила на однесување на родителот

- Родителот/старателот е должен своето дете редовно и на време да го праќа во училиште;
- Доколку ученикот е спречен да дојде во училиште поради болест или други оправдани причини родителот/старателот веднаш го информира раководителот на паралелка;
- Родителот/старателот може да влезе во просториите на училиштето и да оствари средба со наставникот, само во означените термини за приемен ден за родителите кои се јавно достапни на огласната табла за родители и веб страната на училиштето или во претходно договорен термин;
- Родителот/старателот кој не може да дојде во назначениот термин од наставникот, има право да побара средба со наставникот или стручните соработници, со посредство на раководителот на паралелка. Ако наставникот е спречен да го прими во бараниот термин, родителот може електронски да го контактира наставникот. Родителот/старателот по електронски пат има можност редовно да го следи процесот на учење, успехот и поведението на своето дете;
- Родителот/старателот одржува редовна комуникација со раководителот на паралелка на неговото дете, почитувајќи го работното време на наставникот;
- Родителот/старателот е должен да одговори на поканите на раководителот на паралелка за индивидуален разговор доколку се утврди причина за истиот;
- Родителот/старателот е должен да одговори на поканите за индивидуални или групни советувања на родители согласно член 58-а од Законот за средно образование (Советување на родители);
- Родителот/старателот е должен да потпише согласност за одржување дополнителна настава за своето дете, во случај кога има слаби постигања по одреден предмет. согласно член 48-а од Законот за средно образование;
- Родителот/старателот е должен да одговори со присуство на писмена или усна покана за родителска средба или индивидуална средба со раководител на паралелка или наставник;
- Родителот/старателот е должен да потпишува известувања за педагошки мерки и евидентни листови за потребите на училиштето (соработка со училиштето - директор,

педагог, психолол, специјален едукатор и рехабилитатор – дефектолог);

- Родителот/старателот може да остварува средби со директорот, педагогот, психолог, дефектолог на негово лично барање, на барање на наставник или на покана од директор, педагог, психолог, дефектолог);
- За разговор/средба со стручната служба или директорот на лично барање, родителот закажува термин за средбата лично или преку раководителот на паралелка;
- Родителот/старателот кога има потреба од разговор треба да почитува ред во однос на решавање на дадена ситуација, односно, прво остварува контакт/разговор со наставник,потоа со педагог или психолог, а на крај доколку има потреба, во решавањето на проблемот се вклучува и директорот;
- Кога родителот/старателот го испишува своето дете од училиштето прво го известува раководителот на паралелка, а потоа целата процедура ја спроведува кај педагогот;
- Родителот/старателот е должен да ја извести стручната служба или раководителот на паралелка доколку неговото дете има проблем или конфликт со наставник или соученик;
- РОДИТЕЛОТ/СТАРАТЕЛОТ НЕ СМЕЕ ДА СЕ ОДНЕСУВА НЕПРИСТОЈНО ВО КАНЦЕЛАРИЈАТА НА ДИРЕКТОРОТ, НАСТАВНИЧКАТА КАНЦЕЛАРИЈА, КАНЦЕЛАРИИТЕ НА ПЕДАГОГОТ, ПСИХОЛОГОТ, ДЕФЕКТОЛОГОТ, НЕ СМЕЕ ДА ПОВИШУВА ТОН, ДА КОРИСТИ ГОВОР НА ОМРАЗА, ДА СЕ ЗАКАНУВА – училиштето има законска обврска во таков случај да повика назначеното лице од МВР;
- Родителот/старателот треба да ги прифаќа препораките на стручната служба и да се обрати во посочените установи заради утврдување на определени состојби и правилен третман на неговото дете;
- Родителот/старателот е должен да ја почитува личноста на другите родители, ученици, наставници и други вработени во училиштето.
- Родителот/старателот ги знае правилата на однесување во училиштето и го мотивира своето дете тие правила да ги прифати и почитува;
- Родителот/старателот го советува своето дете да ги извршува своите училишни обврски и да не ги повредува правилата на воспитно – образовната работа;
- Родителот/старателот гради партнерски односи со наставниците со цел навремено, објективно и квалитетно информирање за тековните случувања во образованието и воспитанието на неговото дете;
- Секој родител/старател се обврзува да го почитува и спроведува овој Кодекс на однесување;

Член 4

4. Завршни одредби

Секој родител/старател се обврзува да го почитува и споровedува овој Кодекс на однесување. За непочитување и непридржување кон Кодексот на однесување на родители одговорен е лично прекршителот.

Член 5

Ул.ШИШКА 23 1430 КАВАДАРЦИ ТЕЛ:043/ 412-180 ; ФАК:043/412-910
e-mail: zsuckavadarci@t.mk

Овој кодекс за однесување на родиелите /старателите стапува на сила со неговотото донесување.

Претседател на УО
